ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

21 02 2025
05 | 535/1 | 1

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2023 ГОДИНА НА
# АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2024 03 05/1

Скопје, февруари 2025 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенција за управување со одземен имот на сметката на основен буџет (637) за 2023 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2023 година изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Агенција за управување со одземен имот за 2010 година при што за реалноста и објективноста на билансот на состојба не е изразено мислење, за билансот на приходи и расходи изразено е мислење без резерва, додека за усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива изразено е неповолно мислење.

Спроведувањето на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период.

Со извршената ревизија на Агенција за управување со одземен имот ги констатиравме следниве состојби:

- нецелосно спроведен попис на средствата, побарувањата и обврските и не усвојување на извештајот за пописот во законски предвидениот рок;
- дел од магацинските простории и плацовите кои Агенцијата ги користи за сместување и чување на одземениот имот и после 14 години се користат без донесена одлука од Владата за пренесување на правото на користење;
- исплатата по извршни исправи е нереално проценета во Билансот на приходи и расходи за 2023 година;
- обврските кон добавувачите не се целосни и не се реално прикажани во финансиските извештаи;
- начинот на утврдување, пресметка и исплата на средства по основ на плати и надоместоци не обезбедува законско и наменско користење на буџетските средства;
- исплатите за набавка на разни стоки и услуги се без поткрепувачка документација како доказ за примените стоки и услуги;
- утврдивме недоследности во ангажирањето на вработени лица со договор на дело;
- во постапките за јавни набавки и реализацијата на склучените договори, констатиравме состојби кои не се во согласност со законската регулатива;
- не е изготвен Годишен извештај за работењето на Агенцијата за 2023 година;
- Статутот на Агенцијата не е усогласен со измените и дополнувањата на законот;

- начинот на функционирање на УО не обезбедува негова транспарентност и отчетност.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања ги истакнавме состојбите со слабите и недоволни човечки, технички и финансиски ресурси поради што укажавме дека е неопходно да се преземат активности за обезбедување ресурси за ефикасно, ефективно и домаќинско управување со одземениот државен имот.

Во делот на Останати прашања укажавме на потребата од усогласување на одредбите од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка со одредбите од Законот за буџети во однос на начинот и роковите за планирање на финансиските средства за работењето на Агенцијата како и усогласување со Законот за процена како би се овозможило вработените административни службеници во Агенцијата да можат да се стекнат со стаус на проценувачи.

Со ревизијата утврдивме дека не е воспоставен систем на внатрешни контроли како инструмент за обезбедување правилно, економично, ефикасно и ефективно управување со ресурсите на Агенцијата.

Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица на Агенцијата прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија.

Од страна на законскиот застапник за периодот предмет на ревизија и вршителот на должност директор на Агенцијата за управување со одземен имот, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и е утврдено дека дел од забелешки не се прифаќаат, дел претставуваат известување, една забелешка делумно се прифаќа и една забелешка се прифаќа.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| 1. Вовед | 1 |
| 2. Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи | 7 |
| 4. Нагласување на прашања | 18 |
| 5. Останати прашања | 22 |
| 6. Законска основа за ревизијата и временски период | 23 |
| 7. Опфат и ограничувања | 24 |
| 8. Одговорност за финансиски извештаи | 24 |
| 9. Одговорност на ревизорите | 24 |
| 10. Недостатоци во внатрешната контрола | 26 |
| 11. Корекции во текот на ревизијата | 26 |
| 12. Одговор на ревидираниот субјект | 27 |
| Финансиски извештаи за 2023 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 28 |
| Биланс на состојба | 29 |
| Преглед на промени на извори на капитални средства | 30 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| Вовед | 31 |
| Сметководствени политики | 33 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 35 |

Прилог број 1 - Исплатени средства по основ на склучени договори на дело
Прилог број 2 - Организациона поставеност и пополнетост на работни места во Агенција за управување со одземен имот
Прилог број 3 - Реализација на расходите на Агенцијата за управување со одземен имот
Прилог број 4 – Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор
Прилог број 5 – Одговор на забелешки по Нацрт извештајот

**Список на кратенки**

| | |
|---|---|
| Агенција | Агенција за управување со одземен имот |
| Влада | Влада на Република Северна Македонија |
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| Законот | Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка „Службен весник на Република Македонија” број 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18 |
| Законот од 2024 | Нов Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија” број 64/24 - стапува на сила од 27.03.2024 година |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| УО | Управен одбор |

Број: 11-166/3
Дата: 13.02.2025

## 1. Вовед

Агенцијата за управување со одземен имот своите надлежности и активности ги врши согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка[1]. Агенцијата има својство на правно лице и за својата работа одговара пред Владата.

Агенцијата ги врши следниве работи:

- управува со конфискуваниот имот и имотната корист и со трајно одземени предмети;
- со согласност на судот управува и со привремено одземен имот и имотна корист и привремено одземени предмети;
- ја спроведува постапката за извршување на конфискација на имот и имотна корист како принос од казниво дело;
- води регистар за привремено одземен имот, привремено одземени предмети, трајно одземените предмети и конфискуван имот;
- го чува и го складира одземениот имот;
- врши процена на одземениот имот;
- го дава во закуп конфискуваниот имот;
- води евиденција на целокупниот одземен имот;
- го продава одземениот имот и
- врши други надлежности согласно закон.

При постапувањето и управувањето со имотот со кој располага, Агенцијата постапува согласно начелата на законитост, економичност, ефикасност, транспарентност, постапување со внимание на добар домаќин, одговорност, стручност, професионалност и ажурност.

[1] „Службен весник на Република Македонија" број 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18. Од 27.03.2024 година стапува на сила Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/24

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 29 до 31 на Агенцијата за управување со одземен имот, на сметката на основен буџет (637), за 2023 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за управување со одземен имот за 2023 година на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за управување со одземен имот на ден 31 декември 2023 година на сметката на основен буџет (637), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за управување со одземен имот за 2023 година, на сметката на основен буџет (637), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

### 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Пописот на средствата, побарувањата и обврските во Агенцијата е извршен од три комисии за попис[2] и од Централна пописна комисија[3]. Централната пописна комисија има изготвено „Извештај за извршениот годишен попис во Агенција за управување со одземен имот со состојба на 31.12.2023 година за сметките 637 и 696" составен од три поединечни извештаи: Извештај за попис на основните средства, побарувања и обврски, Извештај за попис на конфискувани недвижности во сопственоста на Агенцијата и Извештај за попис на конфискувани стоки и магацините.

Со увид во актите од извршениот попис за 2023 година, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- Извештајот од извршениот годишен попис за 2023 година е усвоен од УО на 06.03.2024 година, 26 дена покасно во однос на рокот утврден со член 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници[4], каде е пропишано дека усвојувањето на извештајот од извршениот попис може да биде најдоцна 20 дена пред крајниот рок односно до 08.02;
- поединечните извештаи на комисиите за попис и Извештајот изготвен од Централната пописна комисија не се потпишани од сите членови на пописните комисии, што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- со увид во Извештајот и пописните листи од спроведениот попис на постојаните средства, побарувањата и обврските на Агенцијата утврдивме несогласување во податоците и тоа:
  - o податоците за основните средства во Извештајот се групирани по аналитички сметки, според видот на средствата (градежни објекти, патнички возила, канцелариска опрема и слично) додека пописните листи се изготвени по локација каде постојаните средства се наоѓаат, без податоци за аналитичките сметки и нивно соодветно групирање по категорија на средството (нематеријални средства, градежни објекти, опрема, возила и слично) поради што не е можно да се изврши проверка и поврзување на податоците;
  - o извештајот содржи податоци за набавната вредност на материјалните средства, исправка на вредноста (амортизација) и сегашната вредност само за градежните објекти, а не и за останатите основни средства;
  - o пописните листи содржат податоци за набавната вредност, исправка на вредноста и сегашната вредност за секое средство поединечно, кои

---

[2] Решение бр. 03-4625/1 од 15.12.2023 за формирање Комисија за попис на основни средства, побарувања и обврските за 2023; Решение бр. 03-4626/1 од 15.12.2023 за формирање Комисија за попис на конфискувани недвижности во сопственост на Агенцијата за 2023 година и Решение бр. 03-4624/1 од 15.012.2023 за формирање Комисија за попис на конфискувани стоки и магацините за 2023 година
[3] Решение бр. 03-4623/1 од 15.12.2023 година
[4] „Службен весник на Република Македонија" број 28/03, 62/06,8/09,175/11 и 101/13

вредности се разликуваат од вредностите искажани во материјалната и финансиската евиденција.

Наведените состојби не се во согласност со член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;

- пописната комисија не го утврдила правниот основ на искажаните обврски како би се потврдила реалноста на истите и не ги утврдила причините за неизмирените обврски, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и
- дел од материјалните средства не се обележани со инвентарни броеви со цел нивно усогласување и потврдување со истите содржани во материјалната евиденција.

Поради сето претходно наведено Агенцијата нема извршено усогласување на состојбата на постојаните средства од сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот што има за ефект нереално и необјективно искажување на позициите во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 година.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности со кои ќе се обезбеди:

- навремено изготвување и усвојување на извештајот од годишниот попис;
- извештаите од спроведениот попис да бидат потпишани од сите членови на пописната комисија;
- податоците искажани во пописните листи да бидат усогласени со податоците искажани во извештаите и со податоците од материјалната и финансиската евиденција;
- пописот на обврските да се изврши со утврдување на правниот основ за нивно постоење и причините за неизмирување на истите и
- да се обезбедат инвентарни броеви на сите материјални средства .

3.1.2. За прибирање, чување и складирање на одземениот имот Агенцијата располага со недвижен имот кој во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 година е проценет во износ од 157.851 илјади денари и тоа:

- деловни простории на улица Кеј Димитар Влахов број 4 Скопје со сегашна вредност од 72.908 илјади денари и
- магацин во Тетово со сегашна вредност 84.943 илјади денари.

Магацините и плацовите во Гевгелија и с. Идризово, како и плацот во с. Миладиновци кои Агенцијата ги користи од 2009 година, не се евидентирани во сметководствена евиденција на Агенцијата поради тоа што Владата сеуште нема донесено одлуки за давање на користење на недвижностите на Агенцијата и не е извршена проценка на нивната вредност. Истите состојби се констатирани и во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на регуларност за 2010 година, а дадената препорака за

надминување на состојбата со објектите во Гевгелија, Миладиновци и Идризово не е спроведена, поради што Агенцијата сеуште не поседува имотни листови со евидентирано право на користење.

Ваквата состојба на нецелосно запишување на правото на користење и стопанисување на недвижниот имот на Агенцијата не е во согласност со член 4 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост[5] и влијае на целосното, реалното и објективното проценување на состојбата на постојаните средства во деловните книги и финансиските извештаи за 2023 година.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности:

- во координација со Владата да се обезбеди решавање на статусот на недвижните објекти и
- да се изврши процена на вредноста на недвижностите и да се евидентираат во деловните книги.

3.1.3. Со деталните тестирања утврдивме дека во текот на 2023 година по основ на исплата на извршни исправи од Буџетот на Агенцијата исплатени се средства во износ од 2.146 илјади денари[6]. Во периодот од 17.07.2023 година до 14.09.2023 година, во Преглед на план (составен дел на Извод на промет и состојба на сметка, кој план со секој извод се ажурира за износот на платените расходи) се јавува разлика во состојбите на Одобрен план и Реализација, односно постои континуирано намалување на реализацијата на расходите и покрај тоа што и понатаму се вршат исплати на средства по извршни исправи.

Во Агенцијата не е вршено месечно усогласување на податоците за остварени приходи и реализирани расходи во трезорската главна книга со податоците од нивната сметководствена евиденција за конкретните расходи како би се утврдиле причините за неоснованото намалување на реализацијата на расходите, што не е во согласност со точка 85 од Упатството за начинот на трезорско работење[7].

Како резултат на не извршени усогласувања, во август 2023 година утврдена е разлика меѓу планот и реализацијата во износ од 1.333 илјади денари, за која разлика со Одлука за прераспределба на средства помеѓу Буџетските

[5] „Службен весник на Република Македонија" број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 275/19 и 122/21

[6] отворена база на податоци на Министерството за финансии - „Open finance" за 2023 година

[7] „Службен весник на Република Македонија" број 219/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 187/23

корисници на централна власт и меѓу фондовите[8] е извршено намалување на Планот за ставката Исплата по извршни исправи.

По објавената одлука, во сметководствената евиденција извршено е неосновано намалување-сторнирање на расходите, приходите и прометот на трезорската сметка на Агенцијата за 1.333 илјади денари, што не е во согласност со сметководствено начело на парично искажување и признавање на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетите и на буџетските корисници дефинирано со член 18 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници[9], поради што позицијата Исплата по извршни исправи е нереално проценета.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за месечно усогласување на податоците за остварени приходи и реализирани расходи во трезорската главна книга со податоците од сметководствена евиденција и да се почитува начелото на буџетското водење на сметководството.

3.1.4. Обврските кон добавувачите кои во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 година се проценети во износ од 1.884 илјади денари се нереални и необјективни. Врз основа на направените анализи со цел да се потврди дали трансакциите се евидентирани во соодветниот период за кој се однесуваат, утврдивме дека во известувачкиот период евидентирани се помалку обврски во износ од 815 илјади денари, кои иако се настанати и се однесуваат за 2023 година, евидентирани се во месец јануари 2024 година, поради што обврските на крајот на годината се искажани за 30% помалку во однос на реално настанатите.

Наведената состојба не е во согласност со член 7 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници каде е уредено дека податоците регистрирани во деловните книги и во другите извештаи мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани, презентирани хронолошки и точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за ажурно и навремено финансиско евидентирање на обврските во моментот кога истите се преземаат.

---

[8] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 207/23

[9] „Службен весник на Република Македонија" број 61/02, 98/02, 81/05, 24/11, 145/15 и 170/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/21

## 3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Ревизијата изврши анализа на законската основаност, реалноста и објективноста на исплатените расходи за плати, наемнини и надоместоци, кои во Билансот на приходи и расходи се искажани во износ од 25.824 илјади денари и претставуваат 78% од вкупните расходи за 2023 година и ги утврди следниве состојби:

- со увид во персоналните досиеја утврдивме дека истите се некомплетни, односно не содржат целосни документи за образование, стаж, унапредувања, оценувања, сертификати, обуки поради што не бевме во можност да обезбедиме доволно ревизорски докази дека вработените во Агенцијата согласно своите квалификации и искуство ги исполнуваат условите предвидени за работното место на кое се распоредени согласно Правилникот за систематизација во Агенцијата[10], а со тоа да ја потврдиме и законитоста на решенијата за утврдување на плата;
- исплатата на плати за 26 помошно-технички лица во Агенцијата согласно информациите од надлежните лица се врши врз основа на Правилник за плати и други надоместоци број 03-82/3 од 15.05.2009 година и Решение за утврдување на вредност на коефициент за пресметка на плата на вработените во Агенцијата кои немаат статус на државен службеник број 04-670/1 од 15.03.2011 година. На ревизијата не и беа презентирани наведените акти поради што не бевме во можност да утврдиме дали пресметката и исплатата на платата за оваа категорија вработени е согласно важечката законска регулатива поради фактот што од донесување на актите до спроведувањето на ревизијата извршени се бројни измени во Законот за вработени во јавниот сектор, Закон за работни односи како и Општиот колективен договор за јавниот сектор кои ја регулираат оваа материја;
- апликативното решение за пресметка на плата кое се користи од 2009 година исто така не овозможува информации за компонентите на плата за вработените (бодови за образование, звање, надоместоци, часови за редовно работно време, часови во смена, часови за прекувремена работа, боледувања, вредност на бод), туку дава збирен вредносен податок за месечната плата. Исто така месечните задршки од вработените се искажани во вкупен износ, без при тоа да има обезбедено прегледи и документација со која би се потврдиле задршките по различни основи;
- во текот на 2023 година, континуирано се исплаќаат средства по основ на прекувремена работа на вработените во Агенцијата за што се исплатени средства во вкупен износ од 3.777 илјади денари, кои претставуваат 15% од

[10] Правилник за систематизација на работните места во Агенцијата за управување со одземен имот број 01-4470/2 од 07.10.2015; 01-4470/5 од 13.11.2015; 01-503/1 од 23.02.2016; 01-503/4 од 04.04.2016; 01-3817/1 од 17.08.2018; 01-5471/1 од 19.12.2019; 01-3472/1 од 09.12.2020; 01-4184/1 од 04.11.2021; 01-2840/1 од 20.07.2021; 01-4820/1 од 07.12.2022

вкупниот износ на исплатени плати за 2023 година за 48 вработени. Со увид во документацијата го утврдивме следново:

- не постои доказ за зголемен обем на работа;
- не постои евиденција што ќе ги потврди часовите на прекувремена работа;
- исплатата на прекувремените часови е врз основа на решенија издадени најчесто на почетокот на месецот, кога не може да се има реално сознание дали прекувремената работа е потребна и колку часови реално ќе бидат изработени;
- за извршената прекувремена работа не се доставувале известувања до подрачниот државен инспектор на трудот спротивно на член 117 став 6 од Законза работни односи.

Ваквиот начин на утврдување, пресметка и исплата на бруто плата не е во согласност со членот 116 став 7 од Законот за работните односи[11], не обезбедува законско и наменско користење на буџетските средства од страна на Агенцијата и овозможува исплата на повисоки плати како и исплата на надоместоци за кои не постои доказ дека истите се основани и се однесуваат за извршена работа.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за:

- обезбедување на комплетна документација во персоналните досиеја на вработените;
- усогласување на актот за утврдување на плата на помошно-техничкиот персонал со Законот за работни односи;
- усогласување на софтверската апликација со новиот начин на утврдување на платата со податоци за секој дел од компонентите на платата.

3.2.2. Од буџетот на Агенцијата исплатени се средства во износ од 1.168 илјади денари за:

- за набавка на горива и масла потрошени се средства во износ од 429 илјади денари кои расходи не се извршени согласно Упатството за користење на службените возила на Агенцијата за управување со одземен имот[12]. Имено, не се пополнуваат налози за користење на службени моторни возила со податоци за регистарски таблици, датум, релација, целта на патувањето, корисникот на возилото и поминати километри;

[11] „Службен весник на Република Македонија" број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23
[12] број 01-3460/1 од 10.07.2018 година;

- исто така, за набавка на гориво, од благајната на Агенцијата исплатени се 68 илјади денари по основ на приложени фискални сметки од кои не може да се потврди дека расходите се направени за возилата на Агенцијата;
- Агенцијата нема донесено сопствен акт за утврдување на корисници и лимити за користење на службени мобилни телефони во рамки на одобрените лимити согласно Одлуката за определување на корисници на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење[13], а расходите по овој основ изнесуваат 447 илјади денари. Утврдивме дека за две лица на кои во месец август и ноември 2023 година им престанал работниот однос по основ на остварување на правото на пензија, и понатаму се исплатуваат направените трошоци за мобилни телефони од нивна страна, од причина што одговорното лице на Агенцијата не преземало мерки за корекција на бројот на вработени корисници на службен мобилен телефон со избраниот економски оператор.

  Во текот на ревизијата, во месец октомври 2024 година, од страна на одговорното лице на Агенцијата преземени се мерки за надминување на состојбата и до економскиот оператор доставен е ажуриран список на вработени и нивното право на користење;
- од службената Виза картичка на Агенцијата, по основ на фактури и сметки за репрезентација исплатени се средства во вкупен износ од 224 илјади денари. На ревизијата не и беше презентирана документација дека направените расходи се однесуваат за службени потреби од причина што нема приложено известување (резервација) доставена до угостителскиот објект за карактерот на службената потреба (работниот состанок) со број на лица гости на настанот и потпис на корисникот на средствата за угостителски услуги кој го направил трошокот, нема доставено извештај за природата и целта на работниот состанок, број на присутни лица, време, место и датум на работниот состанок, што не е во согласност со член 3 од Одлуката за начинот на користење и висината на износот на средствата за угостителски услуги на територија на Република Северна Македонија[14], поради што ревизијата не можеше да потврди дека исплатените износи се во висина на дозволените и пропишаните лимити со претходно наведената Одлука.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на член 12 од Законот за сметководство на буџети и буџетските корисници, член 14 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетските корисници, наведените одлуки и подзаконски акти и има за ефект незаконско и ненаменско користење на буџетските средства.

---

[13] „Службен весник на Република Македонија" број 15/03, 121/06, 158/07, 64/09, 119/09, 81/10, 214/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/21 и 75/23

[14] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 84/2021 и 146/2021

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за:

- доследна примена на Упатството за користење на службените возила на Агенцијата;
- да се донесе акт за утврдување на лимитите за користење на службен мобилен телефон од вработените согласно Одлука за определување на корисници на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење и
- признавањето на расходите за репрезентација да биде врз основа на потврдени документи согласно Одлука за начинот на користење и висината на износот на средствата за угостителски услуги на територија на Република Северна Македонија.

3.2.3. Во текот на 2023 година, Агенцијата со договор на дело ангажирала осум (8) физички лица, за што исплатени се средства во вкупен износ од 715 илјади денари. Со извршениот увид во доставената документација, ревизијата ги констатира следните состојби:

- за ангажирање на лицата, Агенцијата нема побарано согласност од Министерството за финансии што не е во согласност со членот 8 став (1) и членот 9 став (1) од Законот за трансформација во редовен работен однос[15] и Законот за извршување на Буџетот [16];
- лицата се ангажирани за извршување на помошно-технички работи, информатички услуги и работни задачи предвидени со актот за систематизација на Агенцијата;
- не постои конзистентност ниту критериуми во утврдување на висината на надоместоците за извршена работа по однос на склучени договори за дело и истите варираат од 18 до 45 илјади денари месечно;
- не се следи редовноста на лицата ангажирани по договор на дело при што Агенцијата не обезбедила доказ за присутност на работа на овие лица;
- едно од лицата по договор на дело кое извршува работни задачи во Секторот за финансиски прашања во континуитет е ангажирано седум години;
- во текот на 2023 година со вработено лице во Агенцијата склучен е договор за дело за извршување на работни задачи за кои постои систематизирано работно место и истото е пополнето, за што исплатени се средства во износ 22 илјади денари;
- во дел од договорите не е предвидена обврска ангажираните лица да доставуваат месечни извештаи за извршената работа, додека кај

[15] „Службен весник на Република Македонија" број 20/15 и 44/15
[16] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 283/23 и 169/24

останати каде е предвидена обврската за доставување извештај истиот не се доставува.

Утврдената состојба не е во согласност со член 619 од Законот за облигационите односи[17] и укажува на субјективен пристап при изборот на лицата, повластена положба во постапката на нивно ангажирање и ризик во обезбедување континуирано и квалитетно извршување на работните задачи. Напоменуваме дека од депозитната сметка 696 на Агенцијата по основ на договор на дело исплатени се средства во износ од 429 илјади денари за истите лица (Прилог број 1).

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности:

- ангажирањето на лица со договор на дело да биде за извршување на работи согласно со Законот за облигациони односи, по претходно обезбедена согласност од Министерство за финансии;
- утврдување на критериуми за определување на висината на надоместокот за ангажирање на лица по договор на дело и
- вршење на исплати на лицата ангажирани по договор за дело врз основа на евиденција за нивното присуство на работа и доставени месечни извештаи за извршената работа.

## Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Агенцијата за 2023 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно шест (6) постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2023 година, од кои три (3) постапки се спроведени во 2022 година, година и три (3) постапки во 2023 година. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесува 1.159 илјади денари без вклучен ДДВ, што опфаќа 100% од вкупната вредност на договорите кои имаат реализација во 2023 година, во вкупен износ од 1.159 илјади денари без вклучен ДДВ, при што ги утврдивме следниве состојби:

[17] „Службен весник на Република Македонија" број 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21 и 154/23

3.2.4. Согласно член 80 од ЗЈН, договорниот орган должен е да определи лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки, кое лице треба да има и соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки. Утврдивме дека вработеното лице во Агенцијата кое е определено како лице за јавни набавки во 2023 година не располага со валидна потврда за лице за јавни набавки и истото не преземало активности за продолжување на рокот на потврдата за положен испит (со важност до ноември 2021 година).

Наведената состојба не овозможува континуирана едукација и надградување на знаењето на лицето задолжено за вршење на работите од областа на јавните набавки и влијае на начинот на спроведувањето на јавните набавки.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности јавните набавки да бидат спроведувани од лице кое располага со валидна потврда

3.2.5. Во октомври 2022 година и декември 2023 година Агенцијата има спроведено набавка на стока – Моторно гориво за потребите на службените возила. Со извршениот увид на документацијата утврдивме дека во точка 4.3. од тендерските документации, како елемент на понудата (покрај образецот на понуда, документ за регистрирана дејност и Изјава за сериозност на понудата), предвидено е економскиот оператор "да поседува бензинска пумпа на наведените територии: Бензинска пумпа во Скопје и Бензинска пумпа на релацијата од Скопје до Гостивар". Утврдивме дека на овој начин Агенцијата ја ограничила конкуренцијата помеѓу економските оператори што не е во согласност со член 5 и член 99 точка 6 од ЗЈН со кој е уредено дека критериумите за избор на најповолна понуда мора да бидат недискриминаторски, пропорционални и директно да се поврзани со предметот на набавка, особено што локацијата на еден од магацинските простории на Агенцијата е во Гевгелија, а често се довезуваат и возила од царински испостави од сите делови на републиката.

Во текот на 2024 година спроведена е нова набавка на гориво без констатираната неправилност со што наведената состојба е надмината.

3.2.6. Во текот на 2023 година Агенцијата извршила набавки на стоки и услуги во износ од 695 илјади денари за кои не се спроведени соодветни постапки согласно ЗЈН, а поради:

- надминување на вредноста на склучените договори за набавка на моторни горива од 271 илјади денари и поправка и сервисирање на возила од 58 илјади денари, прикажано во Табела 1;
- и покрај склучените договори, во текот на 2023 година, за поправка и сервисирање на моторни возила потрошени се 15 илјади денари, а за

набавка на моторно гориво потрошени се 68 илјади денари кај други добавувачи и
- извршени се набавки на канцелариски материјали во вкупен износ од 163 илјади денари и прехранбени продукти и пијалаци во вредност од 120 илјади денари.

Средствата се исплатени од сметката на основен буџет 637 и депозитна сметка 696.

Табела 1: Надминати вредности на склучени договори

во 000 илјади денари

| Реализација на склуечни договори по спорведени постапки за јавни набавки | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Предмет за набавка | Број и датум на склучен договор за јавна набавка | Вредност на склучен договор за јавна набавка со ДДВ | Реализирани средства од сметката на основен буџет 637 | Реализирани средства од депозитната сметка 696 | Вкупно реализирани средства | Надмината вредост на склученион договор |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7=(5+6) | 8=(7-4) |
| 1 | Моторно гориво | 05-3713/15 од 10.11.2022 година | 590 | 632 | 229 | 861 | 271 |
| 2 | Поправка и сервисирање на моторни возила | 05-4826/14 од 26.12.2022 година | 236 | 294 | 0 | 294 | 58 |

Наведените состојби не се во согласност со член 10 од ЗЈН и член 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година што создава ризик од незаконско и неефикасно искористување на буџетските средства.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за:
- вредносно следење на реализацијата на склучените договори;
- набавка на стоки и услуги од економскиот оператор со кој по спроведена постапка за јавна набавка има склучено договор и
- спроведување на постапки за јавни набавки на стоки, услуги и работи чии вредности се над вредносните прагови утврдени во ЗЈН.

3.2.7. Буџетите буџетските корисници се должни да водат сметководство, да составуваат и поднесуваат финансиски извештаи во согласност со закон и прифатени сметководствени принципи, сметководствено прифатената практика и сметководствени стандарди, со цел точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, приходите и расходите и резултатите од работењето. Сметководствените стандарди за буџетите и буџетските корисници кои се применуваат во Република Северна Македонија се Меѓународните сметководствени стандарди за јавен сектор, објавени од страна на министерот за финансии.

Со увид во начинот на сметководстевно евидентирање утврдивме:

- Агенцијата нема изработено и донесено сметководствени политики како сет од специфични принципи, основи, конвенции, правила и практики, кои ќе ги користи при подготвување и презентирање на финансиските извештаи заради обезбедување на квалитетни информации за крајните корисници со кои ќе се уредат одредени специфичности во работењето;
- не се врши хронолошка и ажурна сметководствена евиденција согласно периодот на настанувањето на деловните промени. Истите се евидентираат со еден налог за книжење еднаш или на три месеци и
- поединечните трансакции на извршени плаќања во ист ден кои се однесуваат на ист вид расходи но од различни добавувачи се евидентираат како збирни промени на сметките за расходи.

Утврдените состојби не се во согласност со точка 1.3 од Правилникот за примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа[18] и согласно член 2 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и влијае на објективноста, реалноста и точноста на податоците презентирани во финансиските извештаи.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки за изработка и донесување на сметководствени политики и нивна имплементација при сметководствената евиденција на трансакциите и деловните промени.

3.2.8. За активностите насочени кон реализација на своите надлежности, Агенцијата е должна навремено да известува до соодветни органи и да доставува:

- квартални извештаи за постапување по конкретен предмет за привремено конфискуван имот, имотна корист и привремено одземени предмети до надлежен суд или друг надлежен орган (член 11 од Законот);

[18] „Службен весник на Република Македонија“ број 116/05

- на секои шест месеци да доставува извештај за работата до Владата и до Управниот одбор на Агенцијата (член 20 од Законот);
- во рок од два дена од добиеното известување од судот или органот кој донел одлука за одземање, Агенцијата ги известува државните органи, фондовите, агенциите, дирекциите, јавни установи, независни регулаторни тела, трговски друштва основани од Република Северна Македонија како и единиците на локална самоуправа за видот на преземените предмети (член 51-а од Законот) .

Утврдивме дека Агенцијата години наназад нема воспоставено пракса за известување на институциите по наведените одредби од Законот.

Согласно член 7 од Законот, УО има обврска најдоцна до 1 септември во тековната година да усвои план за работа и ревидиран финансиски план на Агенцијата за наредната година. Утврдивме дека годишен план за работа и ревидиран финансиски план за 2023 година не е изготвен, ниту се доставени до УО на Агенцијата за усвојување.

Исто така согласно член 10 од Законот, Агенцијата е должна годишниот извештај за своето работење заедно со ревидиран финансиски извештај, по усвојување од УО, до 31 мај да го достави до Владата. Утврдивме дека Агенцијата нема изготвено годишен извештај за 2023 година поради што и не е доставен до Владата. Бевме информирани дека не е извршена ревизија на финансискиот извештај поради не спроведена постапка за јавна набавка за избор на овластен ревизор поради забраните од член 8-а од Изборниот законик[19], бидејќи се совпаѓа со изборниот период.

Не изготвувањето на извештаи и доставување до засегнатите страни создава услови истите да не располагаат со реални и објективни информации за работата на Агенцијата, поради што се спречени да носат навремени одлуки поврзани со користењето и управувањето со одземениот имот и влијае на отчетноста и транспарентноста од работењето на Агенцијата.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за навремено подготвување и доставување на сите извештаи до сите засегнати страни согласно одредбите од Законот од 2024 година.

3.2.9. Надлежноста на Агенцијата, начинот на нивното извршување и делокругот на работа на органите на управување и раководење, како и други прашања од значење за работењето се уредени со Статут на Агенција за управување со

[19] „Службен весник на Република Македонија" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24

одземен имот и неговите измени и дополнувања[20] кои во најголем дел се однесуваат на промена на седиштето на Агенцијата. Утврдивме дека надлежните органи на управување и раководење на Агенцијата немаат преземено активности за усогласување на Статутот на Агенцијата со измените и дополнувањата на Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, ниту пак статусот на вработените утврден во Статутот е усогласен со Законот за вработените во јавниот сектор[21] и Законот за административни службеници[22].

Ваквата состојба создава можност од носење на акти и преземање на дејствија од страна на органите на управување и раководење кои не се во рамки на законски предвидените надлежности.

**Препорака**

Органите на управување и раководење на Агенцијата да преземат активности за усогласување на Статутот на Агенцијата со одредбите од Законот од 2024 година.

3.2.10. Согласно член 13 и член 14 од Законот, УО на Агенцијата е составен од пет члена: претседател и четири члена кои ги именува и разрешува Владата за период од пет години, без право на повторен избор. Во 2009 година, согласно член 15 од Законот, УО има донесено Деловник за работа[23] каде е уреден начинот на работењето на УО, особено подготовка, свикување и одржување на седници. Со увид во документацијата за начинот на работата на Управниот одбор ги утврдивме следниве состојби:

- во услови кога со одредбите на Законот не е предвидено одржување на седници преку конференциска врска, не се направени измени во Деловникот за работа за уредување на начинот на свикување и одржување на седници без физичко присуство, евиденција на присутност и документирање на работата на УО поради што не бевме во можност да потврдиме дека во разгледување и донесувањето на одлуки учествувале мнозинство од членовите, особено оние кои се вклучуваат преку конференциска врска;
- со член 7 став (2) и член 14 став (1) од Деловникот за работа, претседателот на почетокот на седницата, утврдува дали присуствуваат доволен број на членови на УО, како и причините за отсутност на членовите, со наведување на податоците во записниците. Утврдивме дека записниците не содржат

[20] број 03-84/2 од 06.08.2009 со измени и дополнувања број 01-274/1 од 29.01.2015 година, број 01-310/1 од 14.03.2017 година и број 01-501/4 од 08.02.2022 година

[21] „Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19, 14/20 и 208/24

[22] „Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24

[23] број 03-82/2 од 16.05.2009 година

усогласени податоци со име и презиме на присутните членови, без податоци со име и презиме за отсутните членови на седницата и причините за тоа отсуство, заради фактот што еден од членовите на УО од неговото именување во јули 2023 година, се до неговото разрешување во декември 2023 година, односно во период од пет месеци не присуствувал на ниту една седница на УО. Истакнуваме дека на членот не му се исплатени месечни паушали;

- најголем дел од записниците не содржат потпис од претседателот на УО и записничарот, со потврдување со печат на Агенцијата спротивно на член 13 став (3) од Деловникот за работа[24];
- со Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор[25] од Владата од 25.07.2023 година, разрешен е член на УО за кого констатиравме дека и по неговото разрешување членот присуствувал на 11-та седница на УО одржана на 26 јули 2023 година;
- Владата со Решение[26] од 18.10.2022 година, повторно именувала член на УО кој еден месец претходно, односно во септември 2022 година го разрешила поради истек на мандат, иако истиот нема право на повторен избор;
- записниците од одржаните седници не се архивираат навремено, односно се архивираат со задоцнување и по еден месец од одржување на седницата. Исто така констатиравме дека 19-та и 20-та седница[27] на УО се архивирани со ист архивски број и датум што не е во согласност со член 12 од Уредбата за канцелариско и архивско работење[28].

Наведените состојби не овозможуваат транспарентно, отчетно и законито постапување на УО што влијае на квалитетот на неговата работата и на легитимитетот на одлуките донесени од негова страна.

**Препорака**

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за:

- уредување на начинот на свикување и одржување на седници без физичко присуство и
- записниците да содржат потпис од претседателот на УО и записничарот, со потврдување со печат на Агенцијата со податоци со име и презиме на присутните и отсутните членови на седницата и причините за тоа отсуство и нивно навремено архивирање.

---

[24] „Записникот го потпишуваат претседателот на УО и записничарот, а доколку записникот се состои од повеќе страници, претседателот и записничарот ставаат потпис на секоја страница од текстот на записникот и се потврдува со печат на Агенцијата"
[25] број 15-7732/1 од 25.07.2023 година
[26] број 14-9264/2
[27] број 02-4529/26 од 27.12.2023
[28] „Службен весник на Република Македонија" број 1/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 252/23 година

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Вработените во Агенцијата имаат статус на административни службеници за кои се применуваат одредбите од Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за административни службеници, како и помошно-технички лица за кои важат одредбите од Законот за работни односи.

Според податоците добиени од одделението за човечки ресурси и анализата на работните места според нивоата во рамки на категориите предвидени со Правилникот за систематизација[12] упатува на констатацијата дека:

- од 47 позиции за административни службеници, само 18 позиции или 38% од нив се однесуваат на позиции за кои е потребно најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, знаења, искуство и вештини како би се реализирале надлежностите на Агенцијата (Б02, Б03, Б04 и В01). Пополнетоста на овие 18 работни позиции е уште позагрижувачка од причина што само шест (во 2023 година), односно седум (во 2024 година) се пополнети;
- Најголем број на работните позиции – 16 се во категоријата В – стручни административни службеници – ниво В4- помлад соработник за што се потребно најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и со или без работно искуство во струката, од кои пополнети се седум.

Анализата на работните позиции по организациони единици е уште позагрижувачка. Состојбата со планираните и пополнетите работни позиции според категорија, ниво и звање се прикажани во Прилог 2 кон овој извештај.

- секторот за оперативно работење кој е надлежен за преземање, складирање, евидентирање, чување, продажба и управување со одземениот имот, (со исклучок на 28 помошно-технички лица-чувари), од планираните 16, располага само со седум стручни лица или пополнетост од 44%.
- во секторот за финансиски прашања за планираните 12 позиции, работите ги извршуваат само три лица и тоа помлади соработници или пополнетост од 25%.
- во самостојното одделение за човечки ресурси, од планираните пет, пополнето е само едно работно место, а за извршување на работите од информатичка област, предвидено е едно работно место – помлад соработник кое не е пополнето.
- во годишните планови за вработување за 2022 година предвидено е и реализирано е само едно вработување (чувар), а за 2023 година планирани се и реализирани се само унапредувања.

Од интервјуата со одговорните лица во Агенцијата бевме известени дека неколку години наназад не се спроведуваат обуки за вработените, иако редовно се планираат со годишните планови за обуки.

Наведените состојби, а особено пополнетоста на работните места, упатуваат на заклучокот дека Агенцијата не располага со стручни и искусни вработени кои

навремено, ефикасно и ефективно би ги реализирале специфичните надлежности на Агенцијата.

Имајќи го во предвид претходно наведеното, ревизијата истакнува дека е потребно Агенцијата да спроведе функционална анализа на состојбата со кадарот и да се утврди реален број на вработени кои се потребни за непречено вршење на надлежностите, а во соработка со Министерството за финансии да се обезбедат неопходните согласности и финансиски средства за нови вработувања.

4.2. Финансиските средства за редовното работење на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија. Утврдивме дека истите, неколку години station наназад се доволни само за да се обезбедат плати за вработените и да се покријат расходите за тековното работење: струја, комуналии, договорни услуги. Податоците обезбедени од Завршните сметки за Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 2019-2023 година прикажани во Прилог 3, укажуваат дека многу малку средства се искористени за подобрување на просторните или техничките капацитети на Агенцијата и истите од 1,82% учество во вкупните расходи за 2019 година, се намалени на 0,22% во вкупните расходи за 2023 година.

Структурата на одделните расходи во вкупните расходи укажува дека низ годините растат трошоците за плати за вработените, додека за капитални расходи се континуирано мали.



Како резултат на наведеното, Агенцијата не е во можност да обезбеди соодветни услови за чување на одземениот имот, како и да набави соодветна опрема за довоз, складирање и негово одржување.

Иако новото законско решение предвидува 7% од остварените приходи од продажба на одземениот имот да бидат сопствен приход на Агенцијата, проблемите со проценка на вредноста на имотот (точка 5.1. подолу), човечките и техничките капацитети на Агенцијата, но и употребната вредност на одземениот имот, претставуваат ризик за остварување на задоволителни приходи од негова продажба, поради што укажуваме дека е неопходно да се преземат мерки и активности за зголемување на средствата наменети за непречено функционирање на Агенцијата.

4.3. Во рамки на проектот на Европската Унија „Rul of law", за потребите на Агенцијата изработен е Извештај[29] каде е дадена детална слика за информатичко канцелариската опрема со која располага Агенцијата при што е утврдено следново:

- поради несоодветни технички предуслови одредена серверска опрема е поставена во Министерство за правда и воспоставена е заштита во случаи на испад на електрична мрежа;
- софтверот „eArchive" набавен во 2013 година кој содржи модули: Интерна книга, Книга за фактури и попис на акти не се користи поради недоволен број на вработени. Софтверот нуди преглед на содржината на предметот но без можност да се внесуваат податоци. Податоците од предметите рачно ги внесуваат вработените од оперативниот сектор со сопствено дефинирани EXEL табели за внатрешни потреби;
- софтверот „eDellivery" наменет за размена на електронски документи со други институции преку платформата за интероперабилност не се користи поради недостапност на системот од технички проблеми со серверска страна;
- софтверската алатка Symantec Fille Share Encryption (FSE) за заштита и споделување на податоци и документи не се користи поради тоа што не се користи модулот за електронска достава на документи;
- од истите причини не се користат DPL платформа за централно управување и Data Loss Prevention (DPL) Endpoint Symantec за заштита на податоците за клиентите;
- софтвер за материјално-финансиско сметководствено работење: делот за финансиско сметководствено книжење (ФСР) не е целосно адаптиран спрема потребите на Агенцијата;

[29] Анализа на моменталната состојба на ИКТ опремата на АУОИ, моменталната состојба на АУОИ во однос на употребата на системот за интероперабилност и анализа за набавка на нова веб страница на АУОИ

- модулот за магацинско работење кој треба да обезбеди евиденција на одземената стока се користи само во магацините во Тетово и Гевгелија;
- Агенцијата не е во можност да ја користи платформата за интероперабилност од причина што Агенцијата не располага со регистри/бази на податоци кои би се разменувале со други засегнати страни;
- Веб страната на Агенцијата изработена на верзија ASP.NET 4.0. е постара верзија и заедно со системот на продажба се во континуирани состојби на грешки, чести паѓања на веб порталот, некогаш јавно недостапни дури и за време на јавно наддавање. Кодот на страната е премногу стар, не одржуван и не се направени промени од аспект на функционалност и операбилност на веб страната;
- Систем за продажба- лицитација: не постои можност за електронско поднесување пријави за учество во лицитација; нема можност за електронска уплата на депозит за учество; нема начин на известување на пријавените учесници; победникот на лицитацијата не се известува автоматски дека има најповолна понуда.

Од страна на експертот дадени се препораки за надминување на состојбите. Ревизијата ја истакнува потребата Агенцијата да преземе мерки и активности за имплементација на дадените препораки и надминување на состојбите.

4.4. УО на Агенцијата согласно член 14 од Законот од 2024 година е составен од седум членови: по еден член од редовите на административните службеници од Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за внатрешни работи и од Царинска управа, судија од Судскиот совет, јавен обвинител од Советот на јавни обвинители и државен правобранител од Државното правобранителство на Република Северна Македонија. Во рок од 45 дена од влегување во сила на Законот од 2024 година, односно до 13 мај 2024 година, одговорните лица на погоре наведените органи биле должни да предложат кандидати за нови членови на УО, а потоа во рок од 15 дена од приемот на известувањето за именувани членови, претседателот на стариот треба да закаже конституирање на новиот УО.

Утврдивме дека во законските рокови наведените институции не извршиле именување на кандидати поради фактот што периодот се совпаѓа со изборните кампањи за претседателските и парламентарните избори, а новата Влада беше избрана на 23.06.2024 година.

Од стапување во сила на Законот од 2024 година, УО има одржана само една седница со продолжение, со две точки на дневен ред: усвојување на записник од претходна седница и донесување одлука за давање согласност на одлуките и извештаите на АД Славија, доставени за Собрание на акционери.

Имајќи во предвид дека со член 77 од преодни и завршни одредби од Законот од 2024 година, мандатот на стариот состав на УО на Агенцијата трае до денот на конституирање на новиот УО, не одржувањето седници на УО има влијание на работењето на Агенцијата од март до октомври 2024 година, пред се поради фактот што не е усвоен годишниот план за 2024 година, годишниот извештај за 2023 година со ревидираниот финансиски извештај, не се пропишани подзаконските прописи за спроведување на Законот од 2024 година, работи кои се во исклучива надлежност на Управниот одбор.

4.5. Агенцијата е тужена страна во судски спорови од физички и правни лица во вкупен износ од 591.588 илјади денари, од кои во шест спорови солидарно со други државни органи во вредност од 423.674 илјади денари, додека во осум спорови во вкупен износ од 167.914 илјади денари се јавува како единствена тужена страна.

Како тужител Агенцијата се јавува солидарно со друг државен орган во судски спорови во вкупна вредност од 433.874 илјади денари.

## 5. Останати прашања

5.1. Една од најважните надлежности на Агенцијата согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка е вршење на проценка на одземениот имот без разлика дали станува збор за времено одземени предмети или се одземени врз основа на конечни пресуди и управни акти.

Утврдените состојби во Извештајот на овластениот државен ревизор од извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на депозитната сметка (696) на Агенцијата за 2023 година во најголем дел се должат на неизвршената проценка на вредноста на имотот со кој располага и управува Агенцијата, детално објаснето во точка 3.2.4. во наведениот Извештај. Имајќи ги во предвид наведените причини кои довеле до состојбите, бавното постапување од страна на Бирото за процена, како и фактот што за ангажирање на овластени проценувачи од буџетот на Агенцијата секојдневно би се одлевале значителни средства, ревизијата укажува на потребата од измени на Законот за процена и Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, како би се овозможило вработените административни службеници во Агенцијата да можат да се стекнат со стаус на „проценувач“ со што Агенцијата ќе може навремено да врши процена на имотот и предметите што се одземаат, а со цел законско, економично, ефикасно, транспарентно, постапување со внимание на добар домаќин, одговорно, стручно, професионално и ажурно управување со државниот имот.

5.2. Со член 8 од Законот од 2024 година, најдоцна до 1 септември во тековната година, Управниот одбор усвојува план за работа и ревидиран финансиски

план за Агенцијата за наредната година, која одредба во целост е пренесена од член 7 од Законот. Вака дефинираната одредба е во колизија со роковите за доставување на предлог финансиски планови на буџетските корисници до Министерството за финансии најдоцна до 15 август во тековната година и донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, член 33 и член 37 од Законот за буџети[30], од причина што Агенцијата е буџетски корисник која средствата за своето работење ги обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија (член 65 од Законот од 2024 година).

Од причина што со законското решение не е дефинирано значењето на „ревидиран финансиски план“ и кој треба да го ревидира истиот, ревизијата укажува на потребата од усогласување на начинот и роковите за планирање на финансиските средства потребни за работа на Агенцијата со одредбите од Законот на буџети.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 01.07.2024 до 15.10.2024 година, кај Агенција за управување со одземен имот, сметка на основен буџет 637, од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Катица Николовска, помошник на главниот државен ревизор (со овластување) и овластен државен ревизор;
- Мумин Абдулаи, раководител на ревизија (со овластување)
- Дијана Дејаноска Петковска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- Сашко Груевски, самостоен ревизор;
- Јулијана Андонова, виш ревизор и
- Арјета Мамути, ревизор.

Од страна на Државниот завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2010 година (претходно извршена ревизија) при што не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на билансот на состојба, позитивно мислење за билансот на приходи и расходи и негативно мислење за усогласеност со закони и прописи.

[30] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 203/2022 и 74/24

Спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година, не беше предмет на оваа ревизија, од причина што од последната ревизија изминат е подолг временски период.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на Агенција за управување со одземен имот, застапувано од:

- Фатон Асани – директор од 06.03.2018 до 09.03.2023 година и
- м-р Дритон Небиу – директор од 09.03.2023 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и

неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Агенцијата за управување со одземен имот, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Недостатоци во внатрешната контрола

10.1. Со извршената ревизија на сметководствената и материјалната евиденција на преземање, прием, складирање, издавање на стоки и евидентирање на трансакциите, како и воспоставените контроли и нивното функционирање, утврдивме дека Агенцијата не преземала мерки и активности за воспоставување на систем за внатрешни контроли за секоја област од работењето. Имајќи ја во предвид разновидноста и специфичноста на предметите што до Агенцијата се доставуваат на дневна основа од разни органи и институции, утврдивме дека:

- не се донесени пишани процедури за прием, архивирање, движење на документацијата и одобрување на истата од одговорните лица во соодветните сектори;
- евидентираните документи во сметководствената евиденција не се контролирани/ликвидирани од соодветно лице за да се потврди целосноста, комплетноста и точноста на истите и
- не е воспоставена ex-ante и ex-post контрола, која треба да овозможи финансиските трансакции, расходи или приходи да бидат проверени, пред и откако трансакцијата е целосно завршена со цел намалување на ризикот од погрешни прикажувања или е без доволно поткрепувачка документација.

Отсуството на внатрешни контроли создава ризик финансиските трансакции да не се извршени согласно законските прописи и да не се темелат на соодветна сметководствена документација за обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации и не е во согласност со член 16 Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[31].

**Препорака**

Органите на раководење у управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за воспоставување на пишани процедури за движењето на документацијата и назначување на одговорни лица за комплетноста и точноста на податоците.

## 11. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на Агенцијата извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија и тоа:

- со налог за книжење број 002 од 17.10.2024 година извршено е сметководствено евидентирање на неплатените фактури за примени услуги кои во 2023 година се искажани како платени. Извршените

[31] „Службен весник на Република Македонија" број 90/09, 188/13 и 192/15 и Одлука на Уставниот суд на РМ У. бр.64/2016, објавена во "Службен весник на РМ" бр.147/17

корекции на сметката Обврски кон добавувачи и сметката Активни временски разграничувања имаат за ефект зголемување на активата и пасивата за 69 илјади денари;

- со налог за книжење број 003 од 17.10.2024 година извршено е сметководствено усогласување на Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) помеѓу материјалните и нематеријалните средства во вкупен износ од 12.128 илјади денари, поради прикажување на несоодветни сметки. Извршените корекции имаат за ефект промена на сегашната состојба на позициите на нематеријалните и материјалните средства, но без ефекти во финансиските извештаи.

## 12. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата за управување со одземен имот одржан на ден 19.11.2024 година за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Добиени се идентични забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенција за управување со одземен имот и тоа:

- од м-р Дритон Небиу, законски застапник на Агенцијата за управување со одземен имот за периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија број 10-166/1 од 28.01.2025 година и
- од г-ѓа Ирена Илиевска, вршител на должност директор на Агенција за управување со одземен имот, број 05-414/1 од 23.01.2025 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-166/2 од 28.01.2025 година.

Забелешките кои се однесуваат на точките 3.1.1, 3.2.1 алинеја 5, 3.2.10 алинеја 2, 3.2.10 алинеја 3, 3.2.10 алинеја 5 и 4.1 алинеја 6 не се прифатени од причина што доставените докази и доставените информации ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата и не влијаат за промена на утврдените состојби.

Забелешките кои се однесуваат на точките 3.1.3, 3.1.4, 3.2.3 алинеја 1, 3.2.2 алинеја 2 и 3.2.6 претставуваат известување за состојбата и причините за констатираните состојби во наодите.

Забелешките кои се однесуваат на точките 3.2.3 алинеја 5 делумно се прифаќаат и соодветно се обелоденети во Конечниот ревизорски извештај, но истите не ги менуваат констатираните состојби во наодите.

Забелешката за точката 3.2.1 алинеја 1 се прифаќа поради дополнително доставена документација.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

**Агенција за управување со одземен имот**
**Сметка на основен буџет (637)**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1 | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 33.085 | 29.981 |
| **Вкупно приходи** | | **33.085** | **29.981** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2 | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 25.824 | 20.806 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 6.303 | 8.279 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 885 | 560 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **33.012** | **29.645** |
| **Капитални расходи** | 3.3 | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 73 | 336 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **73** | **336** |
| **Вкупно расходи** | | **33.085** | **29.981** |

**Агенција за управување со одземен имот**

**Сметка на основен буџет (637)**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1 | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 17 | 59 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2 | 4.286 | 2.905 |
| **Вкупно тековни средства** | | **4.303** | **2.964** |
| **Постојани средства** | 4.2 | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1 | 5.942 | 18.070 |
| Материјални средства | 4.2.2 | 163.984 | 170.014 |
| **Вкупно постојани средства** | | **169.926** | **188.084** |
| **Вкупна актива** | | **174.229** | **191.048** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3 | 1.953 | 627 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.1 | 135 | 87 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2 | 19 | 10 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2 | 2.179 | 2.181 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3 | 17 | 59 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **4.303** | **2.964** |
| **Извори на средства** | **4.4** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 169.926 | 188.084 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **169.926** | **188.084** |
| **Вкупна пасива** | | **174.229** | **191.048** |

## Агенција за управување со одземен имот
## Сметка на основен буџет (637)

# ПРЕГЛЕД
# НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2023 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2023 година** | **188.084** | **188.084** |
| **Зголемување по основ на:** | **2.662** | **2.662** |
| Отстапени средства по Одлуки на Влада | 2.662 | 2.662 |
| | - | - |
| **Намалување по основ на:** | **20.820** | **20.820** |
| Амортизација | 20.820 | 20.820 |
| **Состојба 31.12.2023 година** | **169.926** | **169.926** |

## 1. ВОВЕД

Агенцијата за управување со одземен имот (во натамошниот текст: Агенцијата) е основана со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка[1], кој престанува да важи со денот на влегувањето во сила на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24).

Агецијата има својство на правно лице, со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка и за својата работа одговара пред Владата на Република Северна Македоднија. Агенцијата ја спроведува стапката за извршување на конфискуваниот имот и имотна корист, го чува и складира одземениот имот, врши проценка, евиденција и продажба.

Агенцијата има Статус со кој се уредуваат работите од негова надлежност и начинот на нивно извршување, надлежностите на УО и на директорот, начинот на избор и разрешување на членовите на УО, правата, обврските и одговорностите на вработените, меѓународна соработка на Агенцијата и неговите односи со други органи, внатрешна организација и други прашања од значење за работење на Агеницјата.

Агенцијата ги врши следниве работи:

- управува со конфискуваниот имот, имотната корист и одземените предмети;
- со согласност на судот управува со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и привремено одземените предмети во кривична постапка, освен одземената дрвна маса согласно закон, со цел да се заштити вредноста на имотот согласно со овој закон;
- управува со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и одземените предмети во прекршочна постапка, освен одземената дрвна маса согласно закон со цел да се заштити вредноста на имотот согласно со овој закон;
- управува со трајно одземени предмети во прекршочна и управна постапка согласно со закон, освен предметите одземени во даночна постапка;
- ја спроведува постапката за извршување на конфискацијата на имот и имотна корист;
- го чува и складира одземениот имот;
- врши процена;

[1] „Службен весник на Република Македонија“ број 98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18

- го дава во закуп конфискуваниот имот;
- води евиденција на целокупниот одземен имот;
- го продава одземениот имот;
- изготвува статистички, финансиски и други извештаи за одземениот имот,
- планира, организира и спроведува обука за вработените во АУОИ и другите субјекти вклучени во постапувањето со одземениот имот;
- дава мислења во врска со примената на овој закон и
- врши други работи утврдени со закон.

### 1.1. Организациона поставеност на субјектот

Работите и задачите од надлежност на Агенцијата се вршат преку три сектори и осум одделенија, од кои Одделение за управување со човечки ресурси е независно одделение прикажани во органограмот подолу и тоа:

- Сектор за правни работи со:
  - Одделение за извршување одлуки;
  - Одделение за нормативни и правни работи;
- Сектор за финансиски прашања со:
  - Одделение за сметководство и плаќање;
  - Одделение за буџет и набавки
- Сектор за оперативно работење со:
  - Одделение за преземање и евиденција на одземен имот;
  - Одделение за продажба и управување со одземен имот;
  - Одделение за општи работи.

Вработените во Агенцијата имаат статус на административни службеници и помошно технички персонал.

### 1.2. Органи на управување и раководење

Органи на Агенцијата се: Управен Одбор и Директор.

Со Агенцијата управува **Управниот одбор** кој е составен од пет члена и тоа Претседател и четири члена. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на РСМ за период од пет години, без право на повторен избор.
Кога некој член на Управниот одбор ќе престане да ја врши должноста пред истекот на мандатот, на негово место се именува друг член до истекот на мандатот на членот кој се заменува.
Управниот одбор, согласно Законот, ги има следниве надлежности:

- донесува Статут на Агенцијата на кој согласност дава Владата;
- донесува деловник за работа;
- усвојува годишен план и ревидиран финансиски план на Агенцијата;
- усвојува годишен извештај и ревидиран финансиски извештај;

- донесува одлука за продажба, отстапување и закуп на сите одземени предмети и други одлуки кои се однесуваат на конфискуваниот имот и работењето на Агенцијата;
- усвојува подзаконски прописи за спроведување на овој закон и
- други работи утврдени со овој закон и Статутот на Агенцијата.

Со Агенцијата раководи **Директор** кој го избира и разрешува Владата со мандат од 5 години. Директорот ги врши следниве работи:
- ја претставува и ја застапува Агенцијата;
- ја организира работата и раководи со стручните служби на Агенцијата;
- ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- изготвува и му предлага на Управниот одбор годишен план и ревидиран финансиски план;
- изготвува и му предлага на Управниот одбор годишен извештај и ревидиран финансиски извештај;
- изготвува и предлага на Управниот одбор подзаконски прописи за спроведување на овој закон;
- ги донесува актите за организација и систематизација на работните места на Агенцијата;
- се грижи за законито работење и трошење на финансиските средства на Агенцијата;
- донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи и
- одлучува и за други прашања утврдени со овој закон и со статутот на Агенцијата.

**1.3. Начин на финансирање на дејноста**

Агенцијата се финансира од Буџетот Република Северна Македонија раздел 04013, преку буџетската сметка 637.

Во 2023 година овластени потписници на сметката на основен буџет **040136140963713** се:

- Фатон Асани – директор од 03.08.2017 до 09.03.2023 година и
- м-р Дритон Небиу – директор од 09.03.2023 година.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Признавање на приходи и расходи**

2.1. Признавањето на приходите и другите приливи кај Агенција за управување со одземен имот – сметка на основен буџет - 637 во Билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување (готовинска основа) во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 Декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите.

2.3. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.4. Проценетите расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

2.5. Расходите ако не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

**Проценување на билансните позиции**

2.6. Агенција за управување со одземен имот – сметка на основен буџет – 637 води посебно сметководство за средствата од буџетот, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

2.7. Долгорочните и краткорочните средства се проценуваат по нивната набавна вредност зголемена со издатоците кои директно можат да се додадат на расходите за набавката

2.8. Паричните средства на сметките и во благајните во домашна валута се проценуваат според нивниот номинален износ, а во странска валута по курсот на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на билансирањето.

2.9. Побарувањата и обврските се признаваат во висина на номиналната вредност искажани во сметководствениот документ според договорените износи.

2.10. Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицираат како расход и се отпишуваат еднократно во целина при набавката.

**Амортизација и ревалоризација**

2.11. Корисниот век на употреба односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со примена на годишните стапки за отпис согласно Правилникот за буџетите и буџетските корисници со праволиниска метода на отпис.

2.12. Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се корегира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средствата над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната способност.

За износот на пресметаната амортизација се намалуваат нематеријалните и материјалните средствата и изворите на средствата.

2.13. Материјалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење дејноста. Нематеријалните средства се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.14. Изворите на средства во билансот на состојба кај Бирото за јавни набавки –се проценуват според утврдената вредност на стекнатиот:
- Државен - јавен капитал (постојани материјални и нематеријални средства).

## 3. ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Приходи

#### 3.1.1. Трансфери и донации

Во Билансот на приходи и расходи на Агенцијата во 2023 година се искажани приходи во вкупен износ од 33.085 илјади денари (во 2022 година – 29.981 илјади денари), по основ на трансфер на средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

### 3.2. Расходи

#### Тековни расходи

#### 3.2.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените средства за: основните плати на функционери, административни службеници и помошно технички персонал, персоналниот данок на доход од плата, придонесите од плати за социјално осигурување кое што ги содржи основните придонеси за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, основниот придонес и придонесот за професионално

заболување за Фондот за здравство, придонеси за Агенцијата за вработување и исплатен регрес за годишен одмор.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2023 | Извршено 2022 | Буџет 2023 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 =(4-2) |
| Основни плати и надоместоци | 18.283 | 14.694 | 19.772 | 1.489 |
| Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 7.091 | 5.712 | 7.568 | 477 |
| Надоместоци | 450 | 400 | 450 | - |
| **Вкупно:** | **25.824** | **20.806** | **27.790** | **1.966** |

### 3.2.2. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите, по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат хранарина (дневници), патни и споредни расходи направени за време на службен пат во земјата и хранарина (дневници) за службени патувања во странство;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат исплатени средства за електрична енергија, водовод и канализаија, ѓубретарина, други комунални такси и услуги, централно греење, пошта телефон и телефакс, други трошоци за комуникација, горива и масла (моторни возила), регистрација на моторни вила (резервни делови и гуми) и транпосрт на стоки;
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат трошоци за набавка на канцелариски материјали, списанија, весници, и други изданија за користење од страна на вработените, други административни материјали, материјали за АОП, прехрамбени продукти и пијалаци, средства за одржување на хигиена, резервни делови и други материјали;
- поправка и тековно одржување, кои опфаќаат трошоци за поправка и сервисирње на лесни возила (bклуч. Резервни делови, гуми), поправка и сервисирање на товарни возила, поправка на други возила, одржување на згради, одржување на згради, поправка и одржување софтверска и хардверска опрема и поправка и одржување на друга опрема;
- договорни услуги, кои опфаќаат изнајмување на друг тип на простор, услуги за копирање, печатење и издавање и други договорни услуги кои опфаќаат надоместок за членовите на Упрвен одбор и исплати по основ на договор на дело и
- други тековни расходи, кои опфаќаат расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и други оперативни расходи.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2023 | Извршено 2022 | Буџет 2023 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(4-2) |
| Патни и дневни расходи | 150 | 190 | 150 | - |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.636 | 4.596 | 4.800 | 1.164 |
| Материјали и ситен инвентар | 350 | 329 | 400 | 50 |
| Поправки и тековно одржување | 349 | 548 | 643 | 294 |
| Договорни услуги | 1.218 | 1.930 | 2.500 | 1.282 |
| Други тековни расходи | 600 | 686 | 600 | - |
| **Вкупно:** | **6.303** | **8.279** | **9.093** | **2.790** |

### 3.2.3. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина од 885 илјада денари (во 2022 година- 560 илјади денари), за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- разни трансфери кои опфаќаат исплата на по өзнов на смрт на родител согласно Законот за извршување на Буџетот за 2023 година и
- исплата по извршни исправи која опфаќа плаќање на главен долг, камата и извршни трошоци по извршни исправи.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2023 | Извршено 2022 | Буџет 2023 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(4-2) |
| Разни трансфери | 73 | 560 | 150 | 77 |
| Исплата по извршни исправи | 812 | 0 | 0 | (812) |
| **Вкупно:** | **885** | **560** | **150** | **(735)** |

## 3.3 Капитални расходи

### 3.3.1 Капитални расходи

Оваа позиција во 2023 година е проценета во висина од 73 илјади денари (во 2022 година - 336 илјади денари), а се однесува на трошоци за:

- Купување на опрема која се однесва на купување на канцелариска опрема и
- други градежни објекти кои се однесуваат на кровна реконсрукција.

во 000 денари

| Опис | Извршено 2023 | Извршено 2022 | Буџет 2023 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(4-2) |
| Купување на опрема и машини | 13 | 51 | 93 | 80 |
| Други градежни објекти | 60 | 215 | 63 | 3 |
| Вложувања и финансиски средства | 0 | 70 | 90 | 90 |
| **Вкупно:** | **73** | **336** | **246** | **173** |

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 17 илјади денари (во 2022 година - 59 илјади денари) и ги опфаќа паричните средства што се наоѓаат на Виза картичката.

#### 4.1.2. Активни временски разграничувања

Оваа позиција по извршените корекции во текот на ревизијата е проценета во износ од 4.286 илјади денари (во 2022 година– 2.905 илјади денари) и се однесува на неподмирените обврски спрема добавувачите, краткорочни финансиси обврски, обврски спрема државата и неисплатена плата за месец декември 2023 година, кореcподентно со Позицијата Краткорочни оврски спрема добавувачи (точка 4.3.1).

### 4.2. Постојани средства

#### 4.2.1. Нематеријални средства

Оваа позиција на ден 31 декември 2023 година е проценета во вкупен износ од 5.942 илјади денари (во 2022 година - 18.070 илјади денари) и истата се однесува на евидентирани софтвери.

#### 4.2.2. Материјални средства

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 163.984 илјади денари (во 2022 година – 170.014 илјади денари) и се однесува на опрема и тоа: канцелариски мебел, возен парк, ИТ опрема, уреди за греење и ладење и сл.

По спроведените сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија, состојбата на нематеријалните средства и материјалните средства во 2023 година се прикажани аналитички по групи во следната табела:

ПРОМЕНИ КАЈ ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2023 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Градежни објекти | Опрема | Нематеријални средства | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4=од 1 до 3 |
| | 020 | 022 | 00 | |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2023** | 192.454 | 13.711 | 18.070 | 224.235 |
| Набавки во текот на годината | | | | - |
| Отстапени средства по Одлуки на Влада | | 2.662 | | 2.662 |
| **Вкупни зголемувања:** | - | 2.662 | - | 2.662 |
| Расходување | | | | - |
| Преотстапени постојани средства | | | | - |
| **Вкупно намалување** | - | - | - | - |
| **Состојба на ден 31. Декември 2023** | 192.454 | 16.373 | 18.070 | 226.897 |
| **Исправка на вредност** | | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2023** | 22.016 | 7.427 | 6.708 | 36.151 |
| Амортизација за тековната година | 12.586 | 2.814 | 5.420 | 20.820 |
| Расходи и отуѓувања | | | | - |
| Ревалоризација | | | | - |
| **Состојба на ден 31.Декември 2023** | 34.602 | 10.241 | 12.128 | 56.971 |
| НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2023 | 157.852 | 6.132 | 5.942 | 169.926 |
| НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2022 | 170.438 | 6.284 | 11.362 | 188.084 |

## ПАСИВА

### 4.3. Тековни обврски

### 4.3.1. Краткорочни обврски спрема добавувачите

Оваа позиција по извршените корекции во текот на ревизијата е проценета во вкупен износ од 1.953 илјади денари (во 2022 година - 627 илјада денари) и се

однесува на достасани, а неподмирени обврски спрема добавувачите во земјата. Корекциите произлегуваат од налог број 002 од 17.10.2024 година со кој извршено е сметководствено евидентирање на неплатените фактури за примени услуги кои во 2023 година се искажани како платени и истата кореспондира со позицијата АВР (точка 4.1.2)

### 4.3.2. Краткорочни финансиски обврски

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 135 илјади денари (во 2022 година – 87 илјади денари) и се однесува на обврски по основ на надоместоци на членови на Управен одбор и ангажирани лица по договор на дело.

### 4.3.3. Обврски спрема државата и други институции

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 19 илјади денари (во 2022 година – 10 илјади денари) и се однесува на обврски по основ на персонален данок на доход за надоместоци на членови на Управен одбор и ангажирани лица по договор на дело.

### 4.3.4. Краткорочни обврски за плати идруги обврски спрема вработени

Позицијата Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените проценета во износ од 2.179 илјади денари (во 2022 гоина – 2.181 илјади денари) се однесува на пресметаните, а неисплатени плати за месец декември 2023 година.

### 4.3.5. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција на крајот на 2023 година е проценета на 17 илјади денари (во 2022 година - 59 илјади денари) и се однесува на паричните средства на Виза деловната картичка.

## 4.4. Извори на средства

### 4.4.1. Извори на капитални средства

Оваа позиција на крајот на 2023 година е проценета на 169.926 илјади денари (во 2022 година – 188.084 илјади денари) и истата кореспондира со позицијата Постојани средства (точка 4.2.)

Прилог 1

**Исплатени средства по основ на склучени договори на дело во 2023 година**

во 000 денари

| реден број | Договори на дело | правен основ | период на ангажирање на лицата | предмет на договор | сметка 637 | сметка 669 | вкупно исплатено |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јаготка Богоевска | Договор за дело бр. 04 -4/1 од 03.01.2023 г.; бр. 04 - 4/2 од 05.04.2023 г.; бр. 04 - 4/3 од 03.07.2023 г.и бр. 04-3739/1 од 10.10.2023 г. | во период од 1.1.2023 г. до 31.12.2023 г. | консултански услуги во областа на финансиите во период од 01.01-31.03.2023 г., во период од 01.04-30.06.2023 г. , во период од 01.07-30.09.2023 г. и Советник на Директорот од областа на финансиите во период од 10.10-31.12.2023 г. | 361 | 189 | *550* |
| 2 | Фуркан Садику | Договор за дело бр. 04 -5/1 од 03.01.2023 г. | во период од 01.01-31.12.2023 г. (раскинат е договорот заклучно со 05.03.2023 г.) | давање на ИТ услуги за вработените | 43 | 0 | *43* |
| 3 | Ружди Камбери | Договор за дело бр. 04-956/1 од 16.03.2023 г и бр. 04-956/2 од 30.09.2023 г. | во период од 16.03-30.09.2023 г. и од 01.10-31.12.2023 г. | безбедност на деловните простории, врши контрола и ја води целокупната евиденција на влез и излез на вработените и надворешните лица во деловните простории на АУОИ | 100 | 96 | *196* |
| 4 | Шефиќ Ќазими | Договор за дело бр. 04-933/1 од 14.03.2023 г. | во период од 15.03-31.12.2023 г. | давање на ПР и корпоративни услуги (поддршка на директорот). | 100 | 89 | *189* |
| 5 | Лирим Амети | Договор за дело бр. 04-933/1 од 14.03.2023 г. | 01.01-31.03.2023 г.раскинат договор заклучно со 13.03.2023 г. | се грижи за безбедноста на просториите, врши увид и контрола на магацините, врши дополнителни активности околу ништење на стоки во магацините. | 51 | | *51* |
| 6 | Алејна Муртези | Договор за дело бр. 04 - 1798/1 од 27.04.2023 г. | во период од 01.05-31.12.2023 г. -Спогодба за престанок заклучно со 24.07.2023 г. | извршување на работни задачи поврзани со оврските во кабинетот на Директорот и соработник за давање на логистичка подршка на директорот. | 60 | | *60* |
| 7 | Арбеса Исуфи | Договор за дело бр.04-3799/1 од 18.10.2023 г. | во период од 15.10 до 31.12.2023 г. | хигиеничарски услуги во магацините во Тетово и Идризово | | 33 | *33* |
| 8 | Иљмихат Љимани | Договор за дело бр.03-3591/2 од 10.10.2023 г. | услуга која се извршува во текот на м.9/23 | извршена контрола на работењето во трета смена и работа во недела на помошно техничкиот кадар-чувари по магацини | | 22 | *22* |
| | **Вкупно:** | | | | 715 | 429 | 1.144 |

Прилог 2

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И ПОПОЛНЕТОСТ НА РАБОТНИ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

**Сектор за правни работи**

| Ниво | Звање | планирано | пополнето |
|---|---|---|---|
| Б02 | Раководител на сектор | 1 | 1 |
| Б03 | Помошник раководител на сектор | 1 | 1 |
| Одделение за извршување на одлуки | | | |
| Б04 | Раководител на одделение | 1 | 0 |
| В01 | Советник | 1 | 0 |
| В02 | Виш соработник | 1 | 0 |
| В03 | Соработник | 1 | 1 |
| В04 | Помлад соработник | 2 | 2 |
| Одделение за нормативно правни работи | | | |
| Б04 | Раководител на одделение | 1 | 1 |
| В01 | Советник | 1 | 0 |
| В03 | Соработник | 1 | 1 |
| В04 | Помлад соработник | 2 | 2 |
| **Вкупно за сектор** | | 13 | 9 |
| | **пополнетост** | | 69% |

**Сектор за финансиски прашања**

| Ниво | Звање | планирано | пополнето |
|---|---|---|---|
| Б02 | Раководител на сектор | 1 | 0 |
| Одделение за сметководство и плаќање | | | |
| Б04 | Раководител на одделение | 1 | 0 |
| В04 | Помлад соработник | 3 | 1 |
| Г01 | Самостоен референт | 1 | 0 |
| Г01 | Виш соработник | 1 | 1 |
| Одделение за буџет и набавки | | | |
| Б04 | Раководител на одделение | 1 | 0 |
| В01 | Советник | 2 | 0 |
| В04 | Помлад соработник | 2 | 1 |
| **Вкупно за сектор** | | 12 | 3 |
| | **пополнетост** | | 25% |

**Сектор за оперативно работење**

| Ниво | Звање | планирано | пополнето |
|---|---|---|---|
| Б02 | Раководител на сектор | 1 | 1 |
| Одделение за преземање и евиденција на одземен имот | | | |
| Б04 | Раководител на одделение | 1 | 1 |
| В04 | Помлад соработник | 3 | 2 |
| Г01 | Самостоен референт | 1 | 1 |
| Г04 | Помлад референт | 1 | 0 |
| А02 | Чувар | 8 | 6 |
| А03 | Чувар | 22 | 20 |
| Одделение за продажба и управување со одземен имот | | | |
| Б04 | Раководител на одделение | 1 | 0 |
| В01 | Советник | 1 | 0 |
| В04 | Помлад соработник | 1 | 0 |
| Г01 | Самостоен референт | 2 | 2 |
| Одделение за општи работи | | | |
| Б04 | Раководител на одделение | 1 | 0 |
| В04 | Помлад соработник | 2 | 0 |
| Г04 | Помлад референт | 2 | 0 |
| А03 | возач | 1 | 1 |
| А03 | хигиеничар | 1 | 1 |
| **Вкупно за сектор** | | 49 | 35 |
| | **пополнетост** | | 71% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Б,В,Г | 16 | 7 | 44% |
| А | 32 | 28 | 88% |

**Самостојно одделение за човечки ресурси**

| Ниво | Звање | планирано | пополнето |
|---|---|---|---|
| Б04 | Раководител на одделение | 1 | 1 |
| В01 | Советник | 1 | 0 |
| В03 | Соработник | 1 | 0 |
| В04 | Помлад соработник | 1 | 0 |
| Г02 | Референт | 1 | 0 |
| **Вкупно за одделение** | | 5 | 1 |
| | **пополнетост** | | 20% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вкупно за Агенција** | | 79 | 48 |
| | **пополнетост** | | 61% |

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАСХОДИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

| објава во Службен весник број | | бр.89 од 22.04.2021 г. | | бр.71 од 22.03.2022 г. | | бр.250 од 22.11.2022 г. | | бр.272 од 20.12.2023 г. | | бр.169 од 15.08.2024 г. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Расходи на основен буџет | | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | |
| Расходна ставка | Назив | Реализирано | % на учество во вкупните трошоци | Реализирано | % на учество во вкупните трошоци | Реализирано | % на учество во вкупните трошоци | Реализирано | % на учество во вкупните трошоци | Реализирано | % на учество во вкупните трошоци |
| **40** | **Плати и надоместоци** | **14.756** | **61,06%** | **16.983** | **69,77%** | **18.259** | **69,71%** | **20.806** | **69,40%** | **25.824** | **78,05%** |
| 401 | Основни плати | 10.687 | | 12.225 | | 12.855 | | 14.695 | | 18.283 | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 4.069 | | 4.758 | | 4.990 | | 5.711 | | 7.091 | |
| 404 | Надоместоци | | | | | 414 | | 400 | | 450 | |
| **42** | **Стоки и услуги** | **8.749** | **36,20%** | **6.825** | **28,04%** | **7.610** | **29,05%** | **8.279** | **27,62%** | **6.303** | **19,05%** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 115 | | 216 | | 80 | | 190 | | 150 | |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 5.134 | | 3.486 | | 4.340 | | 4.596 | | 3.636 | |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 397 | | 355 | | 320 | | 329 | | 350 | |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 555 | | 422 | | 534 | | 548 | | 349 | |
| 425 | Договорни услуги | 2.058 | | 1.799 | | 1.790 | | 1.930 | | 1.218 | |
| 426 | Други тековни расходи | 490 | | 547 | | 546 | | 686 | | 600 | |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **223** | **0,92%** | **393** | **1,61%** | **92** | **0,35%** | **560** | **1,87%** | **885** | **2,67%** |
| 464 | Разни трансфери | 86 | | 111 | | 92 | | 560 | | 73 | |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 137 | | 282 | | 0 | | 0 | | 812 | |
| **48** | **Капитални расходи** | **439** | **1,82%** | **142** | **0,58%** | **233** | **0,89%** | **335** | **1,12%** | **73** | **0,22%** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 159 | | 0 | | 73 | | 51 | | 13 | |
| 481 | Градежни објекти | 70 | | 80 | | 80 | | 214 | | 60 | |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 210 | | 62 | | 80 | | 70 | | 0 | |
| Вкупно | | 24.167 | 100,00% | 24.343 | 100,00% | 26.194 | 100,00% | 29.980 | 100,00% | 33.085 | 100,00% |

ДО

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул.„Павел Шатев бр.2

Палата Емануел Чучков

1000 С К О П Ј Е

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
28.01.2025
11-166/1

Од

Дритон Небиу - поранешен директор на АУОИ

ПРЕДМЕТ: ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАИТЕ ЗА ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт Извештај за извршена ревизија во Агенција за управување со одземен имот ги давам следните забелешки:

ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМН ИМОТ ДЕПОЗИТНА СМЕТКА (696) 012024 0305/2 од декември 2024 година, заведен во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот пд арх.бр.03-380/2 прилог бр.1 од 30.12.2024 година.

По однос на точка 3.1.3. алинеја 2 не се согласувам со мислењето затоа што Секторот за правни работи доставил Ексел табели за судски пресуди за конфискуван имот, што е видно и од Вашата констатација во точка 3.1.3. алинеја 4 дека Секторот за правни работи Ви доставиле Ексел табели за судски пресуди за конфискуван имот, па врз основа на тоа може да се констатира дека Секторот за правни работи има евиденција на побарувања за судски пресуди и тоа со податоци за број на пресуда, судот кој ја донел, обвинетиот, законскиот основ и имотната корист за што Ви доставувам повторно табели со податоци кои Ви биле дадени на увид во текот на ревизијата.

**Прилог:** Ексел табели од 2019 година, 2020 година, 2021 година, 2022 година и 2023 година прибавени од Агенцијата за управување со одземен имот.

По однос на точка 3.2.7 алинеја 2 не се согласувам со мислењето дека Агенцијата не ја известува Владата при носење на одлуки за отстапување на имот на друг државен орган без надомест бидејќи пред да се отстапи имотот на било кој друг орган најпрвин се бара согласнот на решението за отстапување од страна на Владата со што истата е известена и запознаена. Без согласност на Владата не се врши отстапување ни продажба на било каков подвижен или недвижен имот.

**Прилог:** Решенија за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда и одлуки за давање согласнот на решенијата, прибавени од АУОИ.

По однос на точка 3.2.8. алинеја 2 не се согласувам со мисењето од причина што Агенцијата врши архивско заведување на барањата примени од државните органи и други институции, дури и оние кои се примени по емаил за кое во прилог ви доставувам барања за отстапување на одземени предмети поднесени од државни органи и институции заведени во архивата на Агенцијата.

**Прилог:** Барања за отстапување на одземени предмети поднесени од државни органи и институции прибавени од АУОИ.

ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМН ИМОТ СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637) 012024 0305/2 од декември 2024 година, заведен во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот пд арх.бр.03-380/1 прилог бр.2 од 30.12.2024 година

По однос на точка 3.1.1 не се согласувам целосно со изразеното мислење за нецелосен извршен попис на средствата, побарувањата и обврските, дека основните средства не се усогласени со фактичка состојба и со финансиската, со оглед на тоа дека сите основни средства се евидентирани во софтверот за основни средства со инвентарни броеви по кои го прифаќа евидентирањето. Истите се вредносно пренесени во финансикса евиденција и усогласени во главна книга со податоците од РЕВ1 образецот кој

ги дава сите податоци по ставки и на крај на 2023 година сегашната вредност е иста во Бруто билансот по ставки сложена е вредноста на 0 и 9 за што Ви доставувам прилог документација.

**Прилог:** Образец РЕВ-1

По однос на точка 3.1.3 не се согласувам со мислењето на Државната ревизија за нереално искажување по извршни исправи за 2023 година која ги спроведува Министерство за финансии по добиени извршни решенија во годината за која е ревизијата беше компликувана поради извршување на поголем број на извршни решенија за судски постапки кои ги водела Агенцијата заедно со Државно правобранителство со кое трошоците се делат по 50%, но истите се извршувале 100% од Агенцијата и потоа од страна на Државно правобранителство се вршени поврати на сметка на Агенцијата со што во податоците кои ни ги дава Министерство за финансии доаѓа до намалување на реализацијата и средствата кои останува на ставка 465 во износ од =1.333.788,00 денари со одлуката за прераспределба во договор со вработените од буџет при МФ беа повратени во централниот буџет (Сл.весник 207/23).

По однос на точка 3.1.4 не се согласувам со мислењето за нецелосно и нереално искажани обврски во текот на годината поради непрокнижени фактури од тековниот 12 месец бидејќи во финансиските извештаи се книжат фактури за месец 12 од претходната година и со тоа се искажуваат трошоци за 12 месеци поради ограничувањето со достава на податоци во ЕСПЕО образецот кој се изготвува и до 10 во месец Јануари се доставадо Министерство за финансии заедно со табела за неплатени фактури до сектор трезор при Министерство за финансии.

По однос на точка 3.2 потточка 3.2.1 , алинеја 1 давам забелешка од причини што за административните службеници вработени во Агенцијата за управување со одземен имот, во 2022 година со измените на законските одредби за минимална плата, беа изготвени Нови решенија во кои се содржани сите елементи за пресметка на плата и тоа:

Основна компонента на плата која ја сочинуваат:

А) Основна компонента на плата која ја сочинуваат:

- Минимална плата

- Дел на плата за степен на образование
- Дел на плата за ниво
- Дел на плата за стаж
- додатокот за степен на кариера

Делот на плата за работниот стаж на административните службеници се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Б) Исклучителната компонента, која ја сочинуваат:
- додаток на плата за посебни услови за работа,
- додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

**Прилог:**Решенијата за плата на административните службеници кои беа изготвени 2022 година како и копија од Решенијата за плата на административните службеници за 2024 година прибавени од АУОИ.

По однос на точка 3.2 потточка 3.2.1, алинеја 5 давам забелешка од причини што Налогот за прекувремена работа поради зголемен обем на работа, се издава на почетокот на месецот и во него се наведуваат причините за зголемениот обем на работа и работните задачи кои треба да ги извршат вработените.

По завршувањето на задачите, се изготвуваат и доставуваат работните книги со пресметаните работни и прекувремени часови.

На крајот на месецот се изготвуваат Решенијата за прекувремени часови заедно со платата за тој месец

Оттука напоменувам дека доколку некое решение е изготвено на почетокот на наредениот месец тоа се однесува на платата за претходниот месец (доколку работните книги се доставени подоцна односно ненавремено до крајот на месецот).

Истовремено сакам да нагласам дека прекувремената работа настанала од потребата за изготвување на повеќе од 14.000 пакети поделени како донација за потребите на голем број училишта низ цела држава, како и потребата за превземање на разна стока од царинските испостави, а се заради немањето на доволен кадар вработени

во самата Агенција и покрај нашите редовни барања кон Владата за да ни одобрат нови вработувања.

Во оваа насока како прилог доставувам фото и видео податоци за спроведените активности од страна на вработените, воглавном после работното време.

**Прилог:**УСБ со дел од фото и видео базата на активностите, нагласувајќи дека сите активности можат да се најдат и на фб страната на Агенцијата.

**Прилог:** Налогот за прекувремена работа поради зголемен обем на работа, Решение за прекувремена работа и Работна книга

По однос на точка 3.2.3. алинеја 1 не се согласувам со мислењето на Државната ревизија од причина што Агенцијата истовремено имала ангажирано максимум три лица и затоа немало потреба за барање согласност од Министерството за финансии видно и од табелата која ја имате како прилог на извештајот се гледа дека лицата се ангажирани откако им прекинувале договорите на претходните или дел биле ангажирани повремено но истовремено не се ангажирани повеќе од три лица согласно член 8 став 1 од Законот за трансформација на редовен работен однос.

По однос на точка 3.2.3 алинеја 5 не се согласувам со мислењето затоа што од Записник за извршен инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд број: 0907-854 од 30.09.2022 година видно е дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор. Истовремено нагласувам дека вработените со договор на дело биле редовно присатни на нивните работни места, од кои еден во сектор за финансиски прашања, еден во пријавница и еден во администрацијата.

**Прилог:**Записник за извршен инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд број: 0907-854 од 30.09.2022 година

По основ на точка 3.2.10 алинеја 2 не се согласувам со мислењето дека записниците на Управниот одбор не содржат податоци со име и презиме на присутните и отсутните членови на седницата за кое во прилог Ви доставувам записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

**Прилог:** Записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

По основ на точка 3.2.10 алинеја 3 не се согласувам со мислењето дека записниците на Управниот одбор не содржат потпис од претседателот на Управниот одбор за кое во прилог ви доставувам записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година од кои се гледа дека претседателот е потпишан на секој записник за одржана седница.

**Прилог:** Записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

По основ на точка 3.2.10 алинеја 5 не се согласувам со мислењето дека 19-та и 20-та седница на Управниот одбор се архивирани со ист архивски број и датум, за кое во прилог Ви го доставувам Дневниот ред од 19-та седница на Управниот одбор и Дневниот ред од 20-та седница на Управниот одбор.

**Прилог:** Дневен ред од 19-та седница на Управниот одбор и Дневен ред од 20-та седница на Управниот одбор.

По основ на точка 4.1. алинеја 6 не се согласувам со мислењето, бидејќи Агенцијата и во 2022 година и во 2023 година има побарано поголем број на вработувања, унапредувања и вработувања по основ на пензионирање, меѓутоа планот е одбиен од страна на Министерството за финансии. Како доказ за ова повторно Ви ја дотавувам Табелата од која може да се види бројот на побарани унапредувања и вработувања, а истата Табела Ви беше доставена на увид во текот на ревизијата.

**Прилог:** Табела од која може да се види бројот на побарани унапредувања

На крај освен горенаведените забелешки, напоменувам и дека за поголемиот дел на забелешките од страна на Ревизијата не се согласувам целосно од причина што состојбата утврдена од страна на Ревизорскиот тим била наследена заради што и како директор на Агенцијата и сум побарал извршување на Ревизија со цел да се утврдат слабостите затекнати и со цел да истите се корегираат за поуспешно и поефикасно функционирање на Агенцијата. Тука би сакал да ја спомнам и состојбата во капацитети за чување на одземениот имот, услови кои беа и се сеуште неадекватни, за што постои и документирано барање како и јавни изјави дека бараме подобрување на условите и подготовка на идејниот проект за надминување на оваа состојба за да не се оштетат

добрата кои се дадени на стопанисување на Агенцијата, за што не бевме сериозно разбрани од страна на Владата за да ни овозможат надминување на затекнатата состојба.

Исто така во врска со констатацијата во точка 3.2.2. алинеја 2 напоменувам дека наведената сума е употребена за превземање на одземени возила надвор од град Скопје низ цела држава, по полициски станици, царински испостави, гранична и шумска полиција, кои возила беа донесени во магацините на Агенцијата во зависност од можните капацитети за прием на истите.

Во врска со точка 3.2.6. треба да се нагласи дека реализиравме повеќе донанции што можат да се потврдат од фото и видео записите приложени во УСБ како и во самата ФБ страница на Агенцијата каде се објавени сите овие активности, и за спроведување на истите беа користени поголем број на возила што влијаеше во поголема потрошувачка на гориво за истите возила. Исто така напоменувам дека за настанатата состојба воопшто не бев известен од страна на служните дека е надмината вредноста на склучениот договор, што произлегува и од фактот дека економскиот оператор воопшто не ја известил Агенцијата дека е надминат договорениот лимит за користење на горива.

Прилог: УСБ со дел од фото и видео базата на активностите, нагласувајќи дека сите активности можат да се најдат и на фб страната на Агенцијата.

Скопје, 24.01.2025

Подносител,

Дритон Небиу

Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот -

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP
28.01.2025
11-1166/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 05-414/1
23.01.2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул.„Павел Шатев бр.2
Палата Емануел Чучков
1000 С К О П Ј Е

ПРЕДМЕТ: ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАИТЕ ЗА ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Почитувани,

Агенцијата за управување со одземен имот ги дава следните забелешки по однос на Нацрт извештаите за извршената ревизија од Државниот завод за ревизија Скопје и тоа:

ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМН ИМОТ ДЕПОЗИТНА СМЕТКА (696) 012024 0305/2 од декември 2024 година, заведен во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот пд арх.бр.03-380/2 прилог бр.1 од 30.12.2024 година.

По однос на точка 3.1.3. алинеја 2 не се согласуваме со мислењето затоа што Секторот за правни работи достави Ексел табели за судски пресуди за конфискуван имот, што е видно и од Вашата констатација во точка 3.1.3. алинеја 4 дека Секторот за правни работи Ви доставил Ексел табели за судски пресуди за конфискуван имот, па врз основа на тоа може да се констатира дека Секторот за правни работи има евиденција на побарувања за судски пресуди и тоа со податоци за број на пресуда, судот кој ја донел, обвинетиот, законскиот основ и имотната корист за што Ви доставуваме повторно табели со податоци кои Ви беа дадени на увид во текот на ревизијата.

**Прилог:** Ексел табели од 2019 година, 2020 година, 2021 година, 2022 година и 2023 година.


Влада на Република Северна Македонија
Бул.Киро Глигоров. Бр.4Скопје
Република Северна Македонија
Тел.02 3 254 380
www.info@odzemenimot.gov.mk

По однос на точка 3.2.7 алинеја 2 не се согласуваме со мислењето дека Агенцијата не ја известува Владата при носење на одлуки за отстапување на имот на друг државен орган без надомест бидејќи пред да се отстапи имотот на било кој друг орган најпрвин се бара согласнот на решението за отстапување од Страна на Владата со што истата е известена и запознаена. Без согласност на Владата не се врши отстапување ни продажба на било каков подвижен или недвижен имот.

**Прилог:** Решенија за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда и одлуки за давање согласнот на решенијата.

По однос на точка 3.2.8. алинеја 2 не се согласуваме со мисењето од причина што Агенцијата врши архивско заведување на барањата примени од државните органи и други институции, дури и оние кои се примени по емаил за кое во прилог ви доставуваме барања за отстапување на одземени предмети поднесени од државни органи и институции заведени во архивата на Агенцијата.

**Прилог:** Барања за отстапување на одземени предмети поднесени од државни органи и институции.

ЗАБЕЛЕШКИ ПО ОДНОС НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМН ИМОТ СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637) 012024 0305/2 од декември 2024 година, заведен во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот пд арх.бр.03-380/1 прилог бр.2 од 30.12.2024 година

По однос на точка 3.1.1 не се согласуваме целосно со изразеното мислење за нецелосен извршен попис на средствата, побарувањата и обврските, дека основните средства не се усогласени со фактичка состојба и со финансиската, со оглед на тоа дека сите основни средства се евидентирани во софтверот за основни средства со инвентарни броеви по кои го прифаќа евидентирањето. Истите се вредносно пренесени во финансикса евиденција и усогласени во главна книга со податоците од РЕВ1 образецот кој ги дава сите податоци по ставки и на крај на 2023 година

сегашната вредност е иста во Бруто билансот по ставки сложена е вредноста на 0 и 9 за што Ви доставуваме прилог документација.

**Прилог:** Образец РЕВ-1

По однос на точка 3.1.3 не се согласуваме со мисењето на Државната ревизија за нереално искажување по извршни исправи за 2023 година која ги спроведува Министерство за финансии по добиени извршни решенија во годината за која е ревизијата беше компликувана поради извршување на поголем број на извршни решенија за судски постапки кои ги водела Агенцијата заедно со Државно правобранителство со кое трошоците се делат по 50%, но истите се извршувале 100% од Агенцијата и потоа од страна на Државно правобранителство се вршени поврати на сметка на Агенцијата со што во податоците кои ни ги дава Министерство за финансии доаѓа до намалување на реализацијата и средствата кои остануваат на ставка 465 во износ од =1.333.788,00 денари со одлуката за прераспределба во договор со вработените од буџет при МФ беа повратени во централниот буџет (Сл.весник 207/23).

По однос на точка 3.1.4 не се согласуваме со мислењето за нецелосно и нереално искажани обврски во текот на годината поради непрокнижени фактури од тековниот 12 месец бидејќи во финансиските извештаи се книжат фактури за месец 12 од претходната година и со тоа се искажуваат трошоци за 12 месеци поради ограничувањето со достава на податоци во ЕСПЕО образецот кој се изготвува и до 10 во месец Јануари се достава до Министерство за финансии заедно со табела за неплатени фактури до сектор трезор при Министерство за финансии.

По однос на точка 3.2 потточка 3.2.1 , алинеја 1 даваме забелешка од причини што за административните службеници вработени во Агенцијата за управување со одземен имот, во 2022 година со измените на законските одредби за минимална плата, беа изготвени Нови решенија во кои се содржани сите елементи за пресметка на плата и тоа:

Основна компонента на плата која ја сочинуваат:

А) Основна компонента на плата која ја сочинуваат:

- Минимална плата


Влада на Република Северна Македонија
Бул.Киро Глигоров. Бр.4Скопје
Република Северна Македонија
Тел.02 3 254 380
www.info@odzemenimot .gov.mk

- Дел на плата за степен на образование
- Дел на плата за ниво
- Дел на плата за стаж
- додатокот за степен на кариера

Делот на плата за работниот стаж на административните службеници се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

Б) Исклучителната компонента, која ја сочинуваат:
- додаток на плата за посебни услови за работа,
- додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

**Прилог:** Решенијата за плата на административните службеници кои беа изготвени 2022 година како и копија од Решенијата за плата на административните службеници за 2024 година.

По однос на точка 3.2 потточка 3.2.1, алинеја 5 даваме забелешка од причини што Налогот за прекувремена работа поради зголемен обем на работа, се издава на почетокот на месецот и во него се наведуваат причините за зголемениот обем на работа и работните задачи кои треба да ги извршат вработените.

По завршувањето на задачите, се изготвуваат и доставуваат работните книги со пресметаните работни и прекувремени часови.

На крајот на месецот се изготвуваат Решенијата за прекувремени часови заедно со платата за тој месец

Оттука напоменуваме дека доколку некое решение е изготвено на почетокот на наредниот месец тоа се однесува на платата за претходниот месец (доколку работните книги се доставени подоцна односно ненавремено до крајот на месецот).

По однос на точка 3.2.3. алинеја 1 не се согласуваме со мисењето на Државната ревизија од причина што Агенцијата истовремено имала ангажирано максимум три лица и затоа немало потреба за барање согласност од Министерството за финансии видно и од табелата која ја имате како прилог на извештајот се гледа дека лицата се ангажирани откако им прекинувале договорите на претходните или дел биле ангажирани повремено но истовремено не се ангажирани повеќе од три лица согласно член 8 став 1 од Законот за трансформација на редовен работен однос.

По однос на точка 3.2.3 алинеја 5 не се согласуваме со мисењето затоа што од Записник за извршен инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд број: 0907-854 од 30.09.2022 година видно е дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор.

**Прилог:** Записник за извршен инспекциски надзор на Државниот инспекторат за труд број: 0907-854 од 30.09.2022 година

По основ на точка 3.2.10 алинеја 2 не се согласуваме со мислењето дека записниците на Управниот одбор не содржат податоци со име и презиме на присутните и отсутните членови на седницата за кое во прилог Ви доставуваме записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

**Прилог:** Записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

По основ на точка 3.2.10 алинеја 3 не се согласуваме со мислењето дека записниците на Управниот одбор не содржат потпис од претседателот на Управниот одбор за кое во прилог видоставуваме записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година од кои се гледа дека претседателот е потпишан на секој записник за одржана седница.

**Прилог:** Записници од одржани седници на Управниот одбор за 2023 година.

По основ на точка 3.2.10 алинеја 5 не се согласуваме со мислењето дека 19-та и 20-та седница на Управниот одбор се архивирани со ист архивски


Влада на Република Северна Македонија
Бул.Киро Глигоров. Бр.4Скопје
Република Северна Македонија
Тел.02 3 254 380
www.info@odzemenimot .gov.mk

број и датум, за кое во прилог Ви го доставуваме Дневниот ред од 19-та седница на Управниот одбор и Дневниот ред од 20-та седница на Управниот одбор.

**Прилог:** Дневен ред од 19-та седница на Управниот одбор и Дневен ред од 20-та седница на Управниот одбор.

По основ на точка 4.1. алинеја 6 не се согласуваме со мислењето бидејќи Агенцијата и во 2022 година и во 2023 година има побарано поголем број на вработувања, унапредувања и вработувања по основ на пензионирање, меѓутоа планот е одбиен од страна на Министерството з а финансии. Како доказ за ова повторно Ви ја дотавуваме Табелата од која може да се види бројот на побарани унапредувања и вработувања, а истата Табеала Ви беше доставена на увид во текот на ревизијата.

**Прилог:** Табела од која може да се види бројот на побарани унапредувања

Со почит,

в.д. Директор

Ирена Илиевска

Изготвил: Неџмедин Фејзула
Контролирал: Јаготка Богоевска
Одобрил: М-р Анита Бошкова

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Агенција за управување со одземен имот на сметката на основен буџет (637) број 10-117/10 и депозитната сметка (696) број 10-117/11 од 25.12.2024 година од:

- м-р Дритон Небиу, законски застапник на Агенцијата за управување со одземен имот за периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-166/1 од 28.01.2025 година и
- од г-ѓа Ирена Илиевска, вршител на должност директор на Агенција за управување со одземен имот број 05-414/1 од 23.01.2025 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 10-166/2 од 28.01.2025 година.

Со увид во доставените забелешки и дополнително доставената документација ревизијата констатира дека истите се идентични по содржина.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Сметка на основен буџет (637)**

1. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.1.** која се однесува на не усогласување на податоците од пописните листи и извештајот од извршениот годишен попис за 2023 година поради што не е извршено усогласување на состојбата на постојаните средства од сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдена со пописот **не се прифаќа**. Кон забелешките доставени се Бруто биланс и РЕВ-1 образец за 2023 година кои Овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на ревизијата, но истите не докажуваат дека постои усогласеност на податоците од пописните листи со вредностите искажани во материјалната и финансиската евиденција како и со податоците од Извештајот за извршениот попис.

2. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.1.3.** која се однесува на неосновано намалување-сторнирање на расходите, приходите и прометот на трезорската сметка на Агенцијата поради неусогласување меѓу планот и реализацијата за ставката Исплата по извршни исправи претставува **известување** за состојбите кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата.

3. Забелешката на утврдената состојби во **точката 3.1.4.** во однос на нецелосно и нереално искажани обврски во Билансот на состојба на ден 31.12.2023 година претставува **известување** за воспоставениот начин на евиденција на дел од фактурите кои се однесуваат за месец декември 2023 година, а се евидентирани како обврски во јануари 2024 година.

4. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.1. алинеја 1** во однос на неусогласеноста на поединечните акти (решенија) за утврдување и пресметка на бруто плати за вработените кои имаат статус на административни службеници со важечката законска регулатива **се прифаќа** од причина што од Агенцијата дополнително беше доставена документација која ревизијата во континуитет ја бараше и не беше доставена во текот на вршење на ревизијата. Состојбата соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор, а препораката соодветно прилагодена.

5. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.1. алинеја 5** во однос на континуирана исплата на средства по основ на прекувремена работа на вработените во Агенцијата без да постои доказ за зголемен обем на работа; отсуство на евиденција што ќе ги потврди часовите на прекувремена работа; исплата на прекувремени часови врз решенија издадени најчесто на почетокот на месецот, кога не може да се има реално сознание дали прекувремената работа е потребна и колку часови реално ќе бидат изработени како и не доставување на известувања до подрачниот државен инспектор на трудот **не се прифаќа**. Доставените докази и информации ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата како основ за утврдување на состојбите.

6. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.2 алинеја 2** која се однесува за тоа дека од благајната на Агенцијата исплатени се средства по основ на приложени фискални сметки за набавка на гориво од кои не може да се потврди дека расходите се направени за возилата на Агенцијата претставува **известување** за причините за настанатата состојба и не се доставени дополнителни докази кои ќе влијаат за промена на утврдените состојби во ревизорскиот извештај.

7. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.3 алинеја** 1 за ангажирање на лица со договор на дело за кои Агенцијата нема побарано согласност од Министерството за финансии претставува **известување** за состојбата **која** ревизијата ја имаше во предвид при вршење на ревизијата.

8. Забелешката на утврдената состојба во точката **3.2.3 алинеја 5** дека едно лице по договор на дело кое извршува работни задачи во Секторот за финансиски прашања континуирано, седум години е ангажирано во Агенцијата и покрај тоа што надлежен инспектор има изречено прекршок и мерка забрана за ангажирање на истото **делумно се прифаќа** од причина што дополнително е доставена документација од надлежен инспектор со нови утврдени состојби. Состојбата соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

9. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.6** дека Агенцијата извршила набавки на стоки и услуги за кои не се спроведени соодветни постапки согласно Законот за јавните набавки претставува **известување** за причините за настанатата состојба и не се доставени дополнителни докази кои ќе влијаат за промена на утврдените состојби во ревизорскиот извештај.

10. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.10. алинеја 2** која се однесува на тоа дека записниците не содржат податоци со име и презиме на присутните и отсутните членови на седницата **не се прифаќа.** Дополнително доставената документација за одржаните седници ревизијата ги имаше во предвид при вршење на ревизијата и со истите се потврдува состојбата во наодот.

11. Забелешката на утврдената состојба во **точката 3.2.10 алинеја 3** дека најголем дел од записниците не содржат потпис од претседателот на УО и записничарот **не се прифаќа.** Дополнително доставената документација (записници од одржани седници) ревизијата ги имаше во предвид при вршење на ревизијата и со истите се потврдува состојбата во наодот.

12. Забелешката на утврдената состојба во точката **3.2.10 алинеја 5** која се однесува на тоа дека Записниците од 19-та и 20-та седница на УО се архивирани со ист архивски број и датум **не се прифаќа**. Дополнително доставените документи од страна на Агенцијата се однесуваат на утврдениот дневен ред за 19-та и 20-та седница на УО, а не на записници од одржаните седници.

13. Забелешката на утврдената состојба во **точката 4.1 алинеја 6** од делот Нагласување на прашања, во однос на годишните планови за вработувања и унапредувања за 2022 и 2023 година како и за нивната реализација **не се прифаќа**. Дополнително доставената документација се прегледи-интерни состојби за планирани унапредувања односно вработувања, кои не се составен дел на Годишните планови за вработување за 2022 и 2023 година.